# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2004

# ANNUAL REPORT

# СОДРЖИНА

ВОВЕДНО ОБРЌАЊЕ ОД ПРЕДСЕДАТЕЛОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ 4

I. РЕГУЛАТИВА 12

**1. Законска рамка што го регулира и во која функционира пазарот на капитал во Република Македонија** 12

**2. Правилници кои произлегуваат од законите кои се во надлежност на Комисијата за хартии од вредност** 12

II. ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЈА И ДОЗВОЛИ 14

**1. Одобренија за нови емисии на хартии од вредност** 14

**2. Одобренија за основање на брокерски куќи/сектори на банки за работа со хв** 32

**3. Одобренија за давање јавна понуда за откуп на хартии од вредност** 34

**4. Одобренија за овластени лица за работа со хартии од вредност** 34

III. РЕГИСТАР НА АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА ШТО СЕ ВОДИ ВО КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ 36

IV. ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2004 ГОДИНА 44

**1. "Македонска Берза на долгорочни хартии од вредност" АД Скопје** 44

**2. Активностите на брокерските куќи и банките како овластени учесници на Берзата** 48

**3. Активности на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје** 52

**4. Активности на Комисијата за хартии од вредност во врска со издавање согласности на актите на Берзата и Централниот депозитар** 58

V. КОНТРОЛА НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ И НЕГОВИТЕ УЧЕСННИЦИ ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ 60

VI. СТРУЧНИ, ПРОМОТИВНИ И ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО РАЗВОЈОТ НА АКЦИОНЕРСТВОТО ВО ДРЖАВАТА 68

VII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 70

**1. Регионална средба на регулаторите на пазарите на капитал од Балканскиот регион во организација на КХВ и потпишани билатерални меморандуми за соработка** 70

**2. Учество во работата на IOSCO (Меѓународна организација на комисиите за хартии од вредност)** 70

VIII. ДРУГИ ПОЗНАЧАЈНИ АКТИВНОСТИ ОД РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО 2004 ГОДИНА 72

**1. Учество во одговарањето на Прашалникот на Европската Унија** 72

**2. Потпишан Меморандум за соработка со НБРМ** 72

**3. Едукација на вработените во Стручната Служба на КХВ** 74

**4. Соработка со неколку странски проекти во РМ** 74

**5. Унапредување на работата на КХВ** 76

**6. Финансиското работење на КХВ во 2004 година** 78

# CONTENTS


A NOTE OF THE PRESIDENT OF THE SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION 5

I. LEGISLATION 13

1. Legal framework of the capital market in the Republic of Macedonia and its operations 13
2. Other acts deriving from the laws within the competence of the Commission 6 13

II. ISSUING APPROVALS AND LICENSING: 15

1. for new issues of securities 15
2. for establishing brokerage houses / departments within banks for operating with securities 33
3. for issuing public takeover bid to acquiring securities 35
4. for authorized persons for dealing with securities 35

III. REGISTRY OF JOINT STOCK COMPANIES MAINTAINED IN THE SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION 37

IV. THE CAPITAL MARKET IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA IN 2004 45

1. Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje 45
2. Brokerage houses and banks as authorized participants at the Stock Exchange 49
3. Central Securities Depository Inc. Skopje 53
4. Activities of the Securities and Exchange Commission in the process of issuing approvals to the acts of the Stock Exchange and of the Central Securities Depository 59

V. SUPERVISION OF THE CAPITAL MARKET AND ITS PARTICIPANTS 61

VI. PROFESSIONAL, PROMOTIONAL AND EDUCATIONAL ACTIVITIES 69

VII. INTERNATIONAL COOPERATION 71

1. Regional conference of the capital market regulators from the Balkan region organized by the Securities and Exchange and signing of bilateral memoranda of understanding 71
2. Participation in the work of IOSCO (International Organization of the Securities and Exchange Commissions) 71

VIII. OTHER SIGNIFICANT ACTIVITIES FROM THE OPERATIONS OF THE SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION IN 2004 73

1. Participation in answering the EU questionnaire 73
2. Signed Memorandum of understanding with the National Bank of the Republic of Macedonia 73
3. Education of employees of Securities and Exchange Commission 75
4. Cooperation with several foreign technical assistance projects in the Republic of Macedonia 75
5. Promotion of operations of the Securities and Exchange Commission 77
6. Financial operations of the MSEC in 2004 79

# ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Работата на Комисијата за хартии од вредност во текот на оваа година беше фокусирана на остварување на следните три цели:

- обезбедување на ефикасен, законит и фер пазар на капитал во Република Македонија;
- заштита на правата на инвеститорите, а особено на ситните инвеститори; и
- унапредување на капацитетот и ефикасноста во работењето на Комисијата.

Функцијата на регулатор на пазарот на капитал не зависи само од законските надлежности на Комисијата за хартии од вредност, туку и од ефикасното, еднакво и правично извршување на истите, што може да сметаме дека е реализирано во текот на 2004 година.

Во текот на 2004 година пазарот на капитал во Република Македонија продолжи со трендот на раст и развој.

На секундарниот пазар на хартии од вредност, остварен е вкупен промет на "Македонска Берза" АД Скопје во износ од околу 44,8 милиони евра (без блок трансакциите), што претставува пораст од 19,2% во однос на остварениот промет во 2003 година.

Официјалниот берзански индекс МБИ на крајот од 2004 година бележи пораст од 14,7% во однос на неговата завршна вредност во 2003 година.

На крајот на годината на официјалниот пазар на Берзата котираа 68 акции на акционерски друштва од Република Македонија.

Во текот на 2004 година на пазарот на капитал во Република Македонија активно работеа 8 брокерски куќи и 6 деловни банки, овластени учесници на Берзата.

Во доменот на примарниот пазар на капитал, Комисијата издаде 17 решенија за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност во вкупен износ од 5.394.384.296 денари (87.998.818 евра). Значајно е да се нотира дека, за разлика од претходните години, кога како издавачи на хартии од вредност се јавуваа банките, а во значително помал обем друштвата од стопанството, оваа година е забележана поинаква состојба. Имено, во вкупниот број на издадените одобренија на примарниот пазар на капитал, учеството на друштвата од стопанството е еднакво со учеството на банките и изнесува 43,75%. Во вредносниот обем на издадените одобренија, пак, друштвата од стопанството учествуваат во значително поголем обем во однос на банките, така што нивното учество изнесува 79,05%, а учеството на банките 20,80% од вкупниот износ на одобрените емисии. што се однесува до видот на хартии од вредност застапени на примарниот пазар во 2004 година, може да се забележи дека во вкупниот број на одобрени емисии на хартии од вредност, акциите учествуваат со 94,12%, а обврзниците со 5,88%. Во изминатата година не е поднесено ниту едно барање за одобрување на емисија на краткорочни хартии од вредност.

Во текот на 2004 година, Комисијата одобри две преземања на акционерски друштва врз основа на Законот за преземање на акционерските друштва, кои беа успешно реализирани во текот на годината.

Од особено значење за процесот на градење на транспарентен пазар на капитал во Република Македонија е и воспоставувањето на Регистар на акционерски друштва кој го води Комисијата за хартии од вредност. Согласно законските и подзаконските прописи сите акционерски друштва кои се водат во регистарот на КХВ, објавуваат во јавноста известувања за општите податоци на друштвото, за финансиската состојба, за промените на капиталот, правниот статус и деловните активности кои имаат значително влијание врз цената на хартиите од вредност. Водењето на Регистарот е во функција на обезбедување поголем обем на релевантни информации, врз основа на кои потенцијалните инвеститори ќе можат да донесат деловни одлуки во врска со инвестирањето во хартии од вредност.

Во рамките на функцијата на контрола на пазарот на капитал, Комисијата за хартии од вредност во текот на изминатата година делуваше како превентивно така и со санкционирање на секое прекршување на законите во надлежност на Комисијата, преземеше конкретни, јасни и конзистентни мерки за заштита на правата и интересите на инвеститорите, со што беа повикани на поголема одговорност сите учесници во работењето со хартии од вредност во Република Македонија.

За успешното извршување на оваа функција, зборува и податокот што во 2004 година беа поднесени 105 поднесоци и барања за заштита на акционерските права од физички и правни лица, што во споредба со 2003 година претставува намалување за 58%.

Во текот на годината донесени се вкупно 46 конкретни правни акти - решенија и заклучоци, при што за 14 од нив е поднесена жалба до Второстепениот орган, од кои 7 се одбиени како неосновани, една е прифатена како основана, а 6 жалби се во постапка.

Во функција на унапредување на ефикасноста во ра-

# A NOTE OF THE PRESIDENT OF THE SECURITIES AND EXCHNAGE COMMISSION

The work of the Securities and Exchange Commission during this year was focused on realization of the following three objectives:

- to promote efficient, orderly and fair capital market;
- to protect investors rights, especially the rights of the retail investors; and
- to improve SEC's business capability and effectiveness.

The function of a regulator of the capital market depends not only on legal powers, but on the effective, proportionate and fair exercising of those powers, which we can consider as realized in the course of 2004.

During 2004, the capital market in the Republic of Macedonia continues with the trend of growth and development.

On the secondary securities market there was a total turnover of 44.8 million Euros (excluding the block transactions) on the "Macedonian Stock Exchange" Inc. Skopje, which compared to the realized turnover in 2003 is an increase of 19.2%.

The official stock exchange index MBI at the end of 2004 has marked a growth of 14.7% in comparison to its final value in 2003.

At the end of this year, shares of 68 joint stock companies from the Republic of Macedonia were listed at the official Stock exchange market.

During the year, on the capital market in Republic of Macedonia actively were operating 8 broker houses and 6 commercial banks, authorized participants on the stock exchange.

In the field of the primary capital market, the Commission issued 17 approvals for issuing long-term securities, with a total amount of 5,394,384,296 denars (87,998,818 Euros). It is important to note that compared with the previous years, when banks appeared as issuers of long-term securities, and in a much lower scope joint stock companies from the economy, this year was marked a different situation. Namely, the participation of the joint stock companies from the economy in the total number of issued approvals on the primary capital market was equal with the participation of the banks and it presents 43.75%. In the volume value of the issued approvals the joint stock companies from the economy participate in significantly higher scope compared with the banks, so that their participation present 79.05% and the participation of the banks present 20.80% of the total amount of the approved issues. According to the type of securities represented on the primary capital market in 2004, it can be marked that the participation of the shares presents 94.12% and the participation of the bonds presents 5.88% of the total number of the approved issues. In the last year not even one request of approval for issue of short-term securities was submitted.



During the year, the Commission has approved two takeovers of a joint stock companies in the Republic of Macedonia pursuant to Takeover Law, which were successfully realized in the course of the year.

The implementation of Register of joint stock companies run by the Securities and Exchange Commission is of a great importance for the process of building of transparent capital market in Republic of Macedonia. In accordance with the law, all joint stock companies that are entered in the SEC's registry are obliged to disclose to the public the following information: general information of the company, its financial statements, any change of its capital, legal status and any business activity that may influence on the share price. The maintaining of the Registry is in function of providing a larger scope of relevant information, the basis of which the potential investors could make a business decisions for investing in securities.

## ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

ботењето, е и донесувањето на нов Деловник за работа на Комисијата за хартии од вредност, кој претставува подобрување во однос на претходниот Деловник за работа од 1993 година и подетално ги регулира постапките на работата и одлучувањето на седниците на Комисијата за хартии од вредност.

Во јуни 2004 година КХВ организираше средба на регулаторите на пазарите на капитал од Балканскиот регион, која се одржа во Охрид. Целта на Конференцијата беше продлабочување и јакнење на меѓусебната соработка на регулаторите на пазарите на капитал на земјите од регионот и официјализирање на соработката на билатерално ниво. Во оваа прилика, КХВ потпиша билатерални меморандуми за соработка со регулаторните органи на пазарот на капитал на Бугарија, Хрватска, Федерацијата на Босна и Херцеговина и Црна Гора, а истиот месец потпиша и меморандум за соработка при размена на информации и со Романската Национална Комисија за хартии од вредност.

Во рамките на стручните, промотивните и едукативни активности на КХВ ќе ги споменеме активностите околу преведувањето, објавувањето, дистрибуцијата и продажбата на стручна литература од англиски на македонски јазик од областа на финансиските пазари.

Така, во февруари 2004 година беа промовирани три нови книги во издание на Комисијата за хартии од вредност, и тоа: "Меѓународен закон за хартии од вредност" (International Securities Law: A Contemporary and Comparative alanysis) од авторот Marc I. Steinberg, "Толкување на финансиски извештаи" (The Interpretation of financial statements) од авторите Benjamin Graham & Spencer B. Meredith и "Анализа и користење на финансиски извештаи" (The Analysis and Use of Financial Statements) од авторите Gerald I. White, Ashwinpaul C. Sondhi и Dov Fried.

Во април 2004 година, Комисијата за хартии од вредност ја организираше деветата обука на кадри за вршење на работи со хартии од вредност. Врз основа на обуката, Комисијата спроведе полагање на стручен испит кој успешно го положија 24 лица кои се стекнаа со уверение за вршење на работи со хартии од вредност.

Други позначајни активности на КХВ во 2004 година се учеството во одговарањето на Прашалникот на Европската Унија, потпишаниот Меморандум за соработка со НБРМ, соработката со неколку странски проекти од финансиската сфера во РМ и друго.

Особено значајна активност на Комисијата за хартии од вредност во текот на оваа година е ангажманот во изготвувањето на текстот на новиот Закон за хартии од вредност, чија содржина е прилагодена и усогласена со целите и принципите на Меѓународната Организација на Комисии за хартии од вредност (IOSCO) и со регулативата на Европската Унија.

Се позначајната улога и функции на Комисијата за хартии од вредност на пазарот на капитал во Република Македонија наметнуваат с поголем број на обврски и активности, што пак претставува предизвик за Комисијата кој треба да се совладува.

Определба на Комисијата за хартии од вредност е да прерасне во една поефикасна сила, поагилна и поактивна, која навремено и ефикасно ќе одговара на барањата и очекувањата на секој учесник на пазарот на капитал во Република Македонија.

Постоењето на доверба на широката јавност во интегритетот на пазарот на капитал е основен предуслов за привлекување на инвеститори преку кои ќе се изврши прилив и акумулација на нов капитал во Република Македонија. Со остварувањето на мисијата на Комисијата за хартии од вредност, придобивка имаат не само инвеститорите во хартии од вредност и издавачите на хартии од вредност во Република Македонија, туку и државата и целокупната нејзина економија.

Со почит,



**Проф. д-р Весна Пендовска**

Претседател на Комисијата
за хартии од вредност

## A NOTE OF THE PRESIDENT OF THE SECURITIES AND EXCHNAGE COMMISSION

In the framework of performing its control function of the capital market, the Securities and Exchange Commission in the course of the last year, acted both preventive and by sanctioning capital market law violations, undertook concrete, precise and consistent measures for protection of investors rights and interests, on which way were invoked to a bigger responsibility all participants in the operation with securities in Republic of Macedonia.

For the successful performance of this function speaks the following data: in 2004 were submitted 105 requests from legal entities and natural persons of protection of the shareholder's rights, which in comparison with the previous year (2003) is a decrease of 58%.

During 2004, the Commission took 46 decisions and conclusions, regarding market participants. Of the total number of decisions, 14 were appealed before second-instances, 7 of which were rejected as unfounded, one appeal was accepted as founded and 6 appeals are still in administrative procedure before Government Body.

For a purpose of improvement of its effectiveness, the Securities and Exchange Commission enacted its new Internal working procedures, which are significantly improved compared to the previous Internal working procedures from 1993 and more precisely regulate the operational activities and decision making process concerning sessions of the Securities and Exchange Commission.

In June, 2004 the Securities and Exchange Commission organized a conference of capital market regulators from the Balkan region, which was held in Ohrid. The purpose of this conference was strengthening the mutual cooperation of the countries in the region and formalizing it on a bilateral level. On this occasion, The Securities and Exchange Commission signed bilateral memoranda with capital market regulators from Bulgaria, Croatia, Bosnia and Herzegovina, and Montenegro, and also the same month the Commission signed memorandum of understanding with the Romanian National Securities Commission.

In the framework of Commissions professional, promotional and educational activities will be mentioned here the activities related to translation from English in Macedonian, publishing and selling professional literature in the field of the capital markets.

In that context, in February 2004, the Securities and Exchange Commission promoted the three new books in her edition: "International Securities Law (A Contemporary and Comparative Analysis)" by Marc I. Steinberg; "Interpretation of Financial Statements" by Benjamin Graham and Spencer B. Meredith; and "Analysis and Use of Financial Statements" by Gerald I. White, Ashwin Paul Sondhi and Dov Fried.

In April 2004, the Securities and Exchange Commission organized the ninth training for dealing with securities. On the basis of the organized training, the Commission has organized an expert exam, which was successfully passed by 24 persons who have obtained a license for performing services related to securities.

Other important activities of Securities and Exchange Commission are the participation in answering of the EU questionnaire, the signed Memorandum of Understanding with the National Bank of the Republic of Macedonia, cooperation with several foreign technical assistance projects in the Republic of Macedonia, etc.

Especially important activity of the Securities and Exchange Commission in the course of this year is the involvement in the preparing of the new Securities Law, which is adopted and harmonized with the aims and principles of the IOSCO and with the regulation of the European Union.

The increased functions and role of the Securities and Exchange Commission on the capital market in the Republic of Macedonia impose even more obligations and engagements, but also a challenge for the Commission that should be surmounted.

A determination of the Securities and Exchange Commission is to evolve into a much more efficient force, more agile and more proactive, which will timely and effectively answer to the requests of all participants on the capital market.

The existence of confidence in the integrity of the capital market is one of the main conditions for attracting investors trough which inflow and accumulation of new capital in Republic of Macedonia will be made. The realization of the SEC's mission is of a great importance and benefit not only for the investors in securities and the issuers of securities in Republic of Macedonia, but also for the state and its overall economy.

Respectfully,



**Vesna Pendovska Ph.D.**

President of the Securities
and Exchange Commission

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
# ВО 2004 ГОДИНА

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (КХВ) е основана на 19-06-1992 година со Одлука на Владата на Република Македонија согласно тогашниот Закон за хартии од вредност на СФРЈ.

КХВ е самостојна и независна институција со својство на правно лице и со седиште во Скопје.

КХВ ја сочинуваат седум членови, од кои еден е претседател. Согласно Законот за хартии од вредност, членовите и претседателот на КХВ ги именува Собранието на РМ на предлог на Владата на РМ.

КХВ ја сочинуваат: Проф. Д-р Весна Пендовска-Претседател на КХВ и Проф. Д-р Гоце Петрески, Проф. Д-р Владимир Филиповски, Владимир Илиев, Борислав Атанасовски, Сабаудин Шасивари и Иван штериев, членови на КХВ.[1]

Комисијата за хартии од вредност врши регулирање и контрола на сите учесници во работењето со долгорочни хартии од вредност на територијата на Република Македонија и во рамките на своите законски надлежности и овластувања, е одговорна за законито и ефикасно функционирање на пазарот на долгорочни хартии од вредност и за заштитата на правата на инвеститорите, со цел постојано јакнење на довербата на широката јавност во институциите на пазарот на долгорочни хартии од вредност во Република Македонија.

Комисијата за хартии од вредност е институција одговорна за спроведување на Законот за хартии од вредност, Законот за инвестициони фондови и Законот за преземање на акционерски друштва и на сите подзаконски акти донесени врз основа на овие закони.

Заради остварување на законските надлежности, Комисијата за хартии од вредност се стреми сите учесници на пазарот на долгорочни хартии од вредност кои имаат добиено дозвола, одобрение или согласност од Комисијата, да работат во согласност со законот. Воедно, сите недоследности во работењето или утврдени непочитувања на законски пропишаните постапки соодветно се санкционираат.

Согласно Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност функционира како самостојна и независна организација и има својство на правно лице и ги врши следниве функции:

- презема мерки за обезбедување и спроведување на овој закон и други закони во нејзина надлежност;
- донесува акти, односно правилници кои произлегуваат од овој закон и други закони во нејзина надлежност;
- презема мерки за обезбедување и спроведување на актите, односно правилниците донесени во согласност со овој закон и други закони во нејзина надлежност;
- врши контрола на целокупната документација кај субјектите издавачи на хартии од вредност, презема мерки и донесува одлуки за заштита на интересите на лицата кои се сопственици или инвестираат во хартии од вредност и спречува нечесни и незаконити дејности поврзани со работењето со хартии од вредност;
- издава одобренија кои произлегуваат од овој закон и други закони во нејзина надлежност;
- го регулира начинот на тргување со хартии од вредност на Берзата и пазар преку шалтер;
- ги следи и ги контролира активностите на брокерските куќи и банките во работењето со хартии од вредност, како и овластени друштва за управување со инвестиции, односно инвестиционите фондови;
- врши контрола над работењето на Централниот депозитар за хартии од вредност;
- одредува стандарди на конкуренција меѓу брокерските куќи и банките во работењето со хартии од вредност, како и овластените друштва за управување со инвестиции, односно инвестиционите фондови, по пат на проверка или на друг начин;
- дава согласност за именување и разрешување на раководните лица на Берзата, Централниот депозитар за хартии од вредност, брокерските куќи и банките во работењето со хартии од вредност и на раководните лица во друштвото за управување со инвестициони фондови од Законот за инвестиционите фондови;
- ги одобрува јавните повици што се издаваат во врска со јавна понуда на хартии од вредност;

1 Во првата половина на 2005 година настана промена во составот на КХВ со именување на два нови члена

# ANNUAL REPORT OF THE SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION FOR 2004

The Macedonian Securities and Exchange Commission was established by a decision of the Government of the Republic of Macedonia on June 19, 1992 in accordance with the Securities Law of former SFRJ.

The Securities and Exchange Commission is an autonomous and independent organization with a status of legal entity and it is settled in Skopje.

The Macedonian Securities and Exchange Commission is comprised of a president and six commissioners. According to the Securities Law, members of the Securities and Exchange Commission shall be appointed by the Parliament of the Republic of Macedonia, at a request of the Government of the Republic of Macedonia.

The Securities and Exchange Commission is comprised of the President, Ms. Vesna Pendovska, PhD, and the following Commissioners: Mr. Goce Petreski, PhD; Mr. Vladimir Filipovski, PhD; Mr. Vladimir Iliev; Mr. Borislav Atanasovski; Mr. Sabaudin Sasivari and Mr. Ivan Steriev.[1]

The Securities and Exchange Commission regulates and supervises all participants in the operation with securities on the territory of the Republic of Macedonia, and, within its legal powers and rights, is responsible for orderly and efficient functioning of the long-term securities market and for protecting the rights of the investors, with the aim of continual increase of public trust in the institutions of the long-term securities market in the Republic of Macedonia.

The Securities and Exchange Commission is an institution which is in charge of the implementation of the Securities Law, the Investment Funds Law and the Company Takeover Law as well as all secondary regulations passed on the basis of these laws.

In order to perform the activities within its legal competence, the Securities and Exchange Commission aims at making all the authorized participants at the long-term securities market to operate in accordance with the law, whereby in cases of breaching the law appropriate sanctions are being imposed on them.

According to the Securities Law, the Securities and Exchange Commission performs the following functions:

- Undertakes measures to secure the implementation of the Securities Law and other laws within its competence;
- Passes acts or rules arising from the Securities Law and other laws within its competence;
- Undertakes measures to ensure the implementation of such acts or rules passed in accordance with the Securities Law and other laws within its competence;
- Conducts control over the complete documentation of the entities issuers of securities, undertakes measures and makes decisions for the protection of interests of persons that are owners of or are investing in securities and prevents dishonest and illegal activities related to trading in securities;
- Issues approvals arising from this Law and other laws within its competence;
- Regulates the manner of trading in securities on the Exchange and over the counter;
- Monitors and controls the activities of brokerage houses and banks in their dealings with securities, as well as authorized investment management companies i.e. investment funds;
- Performs inspection over the operations of the Central Depository of Securities;
- Prescribes standards of competition among brokerage houses and banks in their dealings with securities, as well as authorized investment management companies i.e. investment funds, by inspections or in another manner;
- Gives consent as for appointing and releasing managers from duty from Articles 80, 110 and 132 of this Law as well as managers in investment funds management companies from the Law on Investment Funds;
- Approves public invitations regarding public offer of securities;
- Ensures legality, honor and transparency of the securities market;
- Approves the rules of the securities market related to listing of securities and disclosure and periodical financial statements obligations of listed companies;

1 In the first half of 2005, there has been a change in the MSEC's structure by appointing two new commissioners

- се грижи за законит, чесен и транспарентен пазар на хартии од вредност;
- ги одобрува правилата на пазарот на хартии од вредност кои се однесуваат на котацијата на хартиите од вредност и обврските за јавност на податоците за друштвото и периодични извештаи од страна на котирани друштва;
- соработува со други институции во Република Македонија и надвор од неа по пат на размена на информации и на други начини;
- го пропишува начинот и постапката на тргување со долгорочни хартии од вредност издадени во Република Македонија со кои ќе се тргува надвор од границите на Република Македонија;
- ги пропишува условите за учество на овластените учесници на Берзата при тргување на странски берзи;
- го донесува финансискиот план и годишната сметка на Комисијата и го усвојува годишниот извештај за работењето на Комисијата;
- врши избор на овластено друштво за ревизија и го усвојува извештајот на ревизијата на Комисијата;
- донесува акти, односно правилници за внатрешната организација на Комисијата и
- врши други работи во врска со работењето со хартии од вредност согласно со овој закон.

Во текот на 2004 година Комисијата за хартии од вредност активно работеше кон реализација на законски довериените функции, како од аспект на унапредување на регулативата на пазарот на капитал, така и од аспект на контролата на сите учесници во работењето со долгорочни хартии од вредност во Република Македонија.

Комисијата за хартии од вредност одлучува на седници. Во текот на 2004 година беа одржани вкупно 19 седници на Комисијата за хартии од вредност.

- Co-operates with other institutions in and outside the Republic of Macedonia through exchange of information and in other ways;
- Prescribes the manner and procedure of trading in securities issued in the Republic of Macedonia which will be traded outside of its borders;
- Prescribes the conditions for participation of the Exchange's authorized participants in trading on foreign Exchanges;
- Passes the financial plan and the final statements of the Commission and adopts the annual report on the operations of the Commission;
- Selects an authorized audit company and adopts the report on audit of the Commission;
- Passes acts or rules for the internal organization of the Commission; and
- Performs other activities related to the operations with securities and in accordance with this Law.

During 2004, the Securities and Exchange Commission actively worked on realizing the functions, that it was entrusted with by the law, regarding both the improvement of the capital market regulations and the supervision over all the participants in the Republic of Macedonia in their operations with long-term securities.

The Securities and Exchange Commission takes decisions at sessions. During 2004, the Commission held 19 sessions in total.

# I. РЕГУЛАТИВА

## 1 Законска рамка што го регулира и во која функционира пазарот на капитал во Република Македонија

Пазарот на хартии од вредност во Република Македонија е регулиран со Законот за хартии од вредност, како основен закон со кој се уредуваат видовите на хартии од вредност, условите и начинот на издавање, тргување и регистрирање, утврдување и порамнување на трансакциите со хартии од вредност, начинот и условите за основање и работа на пазарот на хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност, како и статусот и надлежностите на Комисијата за хартии од вредност.

Во текот на 2004 година Законот за хартии од вредност претрпе една промена со која се изврши продолжување на законскиот рок за задолжително тргување со хартиите од вредност на Берзата до крајот на 2005 година.

Со цел понатамошно усовршување на правната рамка на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, како и негово приближување до современите трендови на пазарите на капитал во Европската Унија и пошироко, во текот на целата 2004 година работна група составена од претставници на Комисијата за хартии од вредност, Министерството за финансии, Македонската Берза, Проектот на USAID за зајакнување на финансискиот сектор во РМ, Проектот на Европската Агенција за реконструкција за реформи на банкарскиот сектор во РМ и други еминентни стручни лица работеше на изготвување на текст на нов Закон за хартии од вредност. Новиот Закон за хартии од вредност се изготвува во согласност со принципите утврдени од страна на IOSCO - Меѓународната организација на комисиите на хартии од вредност, како принципи за регулирање и функционирање на пазарот на капитал во националното законодавство кон кои се стремат сите земји членки на IOSCO, а воедно се инкорпорирани принципите на европските директиви за пазарите на капитал.

Имајќи ја предвид динамиката на активностите околу донесувањето на новиот Закон за хартии од вредност, неговото усвојување од страна на Собранието на РМ се очекува во текот на 2005 година.

## 2 Правилници кои произлегуваат од законите кои се во надлежност на Комисијата за хартии од вредност

Комисијата за хартии од вредност во текот на 2004 година подготви и донесе неколку подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност, односно неговите измени и дополнувања, и тоа:

- Правилник за содржината и начинот на водење на Регистар на акционерски друштва, со кој се утврдуваат критериумите врз основа на кои акционерските друштва во РМ ќе бидат должни да се евидентираат во овој Регистар кој го води КХВ;
- Правилник за начинот, содржината и формата на известувањата на акционерските друштвата кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност, со кој детално се уредуваат сите информации што треба да ги објават акционерските друштва кои се водат во Регистарот на КХВ;
- Правилник за дополнување на правилникот за начинот и постапката за давање согласност за именување директор на брокерска куќа, со кој се предвидени дополнителни одредби кои ја регулираат материјата "времено решение за согласност за именување на предложен кандидат за директор на брокерска куќа";
- Правилник за дополнување на Правилникот за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение за издавање на хартии од вредност.

Комисијата за хартии од вредност во декември 2004 година донесе Одлука со која го стави вон сила Правилникот за објавување на формата и содржината на делот од ревидираниот финансиски извештај број 03-392/1 од 15-03-2002 година, имајќи предвид дека со измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност од 2003 година се укина членот 56 од истиот Закон, со што престана да постои и правниот основ за постоење на Правилникот.

# I. LEGISLATION

## 1 Legal framework of the capital market in the Republic of Macedonia and its operations

The securities market in the Republic of Macedonia is mainly regulated by the Securities Law, which is a fundamental act that determines types of securities, the manner of and conditions for issuance, trading and registration, clearing and settlement of the transactions in securities, manner and conditions for establishment and operation of the securities market and of the Central Securities Depository as well as the status and powers of the Securities and Exchange Commission.

During 2004, one amendment to the Securities Law was made. The amendment provided for the extension of the validity of the obligation for mandatory trading in securities on the Stock Exchange by the end of 2005.

For the purpose of further improvement of the legal framework for the capital market in the Republic of Macedonia, as well as its tendency to adopt the contemporary trends on the capital markets in the European Union and wider, during 2004, a working group worked on preparing the new text of the Securities Law. The working group was comprised of representatives from the Securities and Exchange Commission, Ministry of Finance, Macedonian Stock Exchange, the USAID's Macedonian Financial Sector Strengthening Project, and the Project of the European Agency for Reconstruction for development of the banking sector in the Republic of Macedonia and other eminent experts. The new Securities Law is prepared in accordance with the principles established by IOSCO- International Organization of Securities and Exchange Commissions, as principles regarding the regulation and functioning of the capital market in the national legislation, towards which are aiming all the member countries of IOSCO. The new Securities Law also incorporates the principles of the European Directives regarding the capital markets.

Considering the dynamics of activities in the process of creating the new Securities Law, it is expected that the Law will be passed by the Parliament during year 2005.

## 2 Other acts deriving from the laws within the competence of the Securities and Exchange Commission

During 2004, the Securities and Exchange Commission prepared and passed several bylaws deriving from the Securities Law or its amendments:

- Regulations on the contents and the manner of maintaining the Registry of joint- stock companies, which determines the criteria on base of which the companies in the Republic of Macedonia will have to register in this Registry maintained by the Securities and Exchange Commission;
- Regulations on the manner, the contents and the form of notices of the companies that are registered in the Registry of the Securities and Exchange Commission, which specifies all the information that should be disclosed by the companies that are registered in the SEC's Registry;
- Regulations on amending the Regulations on the manner and procedure for giving consent for appointing director of a brokerage house, which, by introducing additional provisions, regulates the subject of "giving impermanent consent for appointing the nominated candidate for director of a brokerage house".;
- Regulations on amending the Regulations on the documents submitted by the issuer of securities in the process of submitting the request for granting approval for issue of securities;

In December 2004, the Securities and Exchange Commission derogated the Regulation on the form and the contents of publishing part of the audited financial statements No.03-392/1 of March 15, 2002. Namely, the legal basis for the existence of these Regulations was annulled by deleting the Article 56 of the Securities Law, which laid down the obligation set by the Regulations.

# II. ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЈА И ДОЗВОЛИ

## 1 Одобренија за нови емисии на хартии од вредност

Издавањето краткорочни и долгорочни хартии од вредност во Република Македонија се врши врз основа на одобрение од Комисијата за хартии од вредност.

Во текот на 2004 година Комисијата за хартии од вредност разгледа 21 поднесени барање за издавање одобрение за емисија на хартии од вредност, при што Комисијата издаде 17 решенија за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност во вкупен износ од 5.394.384.296 денари, односно 87.998.818 евра. Од вкупно издадените 17 решенија за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност, само едно решение се однесува на емисија на долгорочни должнички хартии од вредност - обврзници, додека останатите 16 решенија се однесуваат на сопственички долгорочни хартии од вредност - акции. Во изминатата година немаше ниту еден случај на издавање краткорочни хартии од вредност.

Најголемиот дел од емисиите на хартии од вредност во 2004 година беа наменети за познати купувачи. Ова од причина што, како и досега, се покажало дека на пазарот на капитал во Република Македонија акционерските друштва потешко можат да обезбедат свеж капитал со јавна понуда на хартии од вредност. Во основа, емисиите на хартии од вредност се реализираат со претходно договорен пласман на емисија, или со реинвестирање на добивката на акционерските друштва во акционерски капитал, со што постојните или нови акционери на друштвото се стекнуваат со нови акции.

Вредност на издадени одобренија според тоа за кого е наменета емисијата




Број на издадени одобренија според тоа за кого е наменета емисијата



# II. ISSUING APPROVALS AND LICENSING

## 1 Approvals for new issues of securities

The issue of short-term and long-term securities in the Republic of Macedonia is based on prior approval from the Securities and Exchange Commission.

During 2004, the Securities and Exchange Commission has reviewed 21 requests for approval for issuing long-term securities, 17 of which were approved by the Commission, with a total amount of 5,394,384,296 denars or in euro counter value of 87,998,818. Of the total granted 17 approvals for issuing long-term securities, only one refers to issuing of debt long-term securities – bonds, while the other 16 approvals refer to issuing of ownership long-term securities – shares. Over the year that passed there was not even one case of issue of short-term securities.

The largest portion of the issues of securities in 2004 was intended for known buyers (private placements). This is due to the fact that, as it was the case so far, it has proven that the joint stock companies can hardly raise fresh capital through a public offer of securities on the capital market in the Republic of Macedonia. The issues of securities are basically realized by previously arranged placement of issue, or by reinvesting the profit of the joint stock companies in a shareholder's equity (scrip issue) which makes the existing or the new shareholders acquire new shares.

**Value of the issued approvals according the person/entity the issue was intended to**




**Number of the issued approvals according to the person entity the issue was intended to**



## II. ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЈА И ДОЗВОЛИ

Воедно, карактеристично е што кај емисиите на хартии од вредност наменети за познат купувач се јавува процент на реализации на емисиите од 100% (со исклучок на една емисија). Имено, од издадени вкупно 17 одобренија во 2004 година, 14 емисии се реализирани преку пласман на емисијата на познати купувачи, во вкупна вредност на издадените решенија од 5.292.609.295,50 денари, односно 86.341.981,50 евра, при што 11 емисии се реализирани со 100% успешност, 2 емисии се распишани со рок за реализација кој истекува по 31.12.2004 година, а една емисија односно емисијата на корпоративни обврзници е реализирана со процент на реализација 15,53%. Во текот на 2004 година распишани се 3 емисии на хартии од вредност по пат на јавен повик, сите од банки, со вкупна вредност од 101.775.000 денари, односно 1.656.836,98 евра. Процентот на реализација на овие емисии не може да се утврди веднаш по завршување на деловната година, од причина што издавачите на долгорочни хартии од вредност преку јавна понуда, најчесто со актот за издавање на хартиите од вредност предвидуваат емисијата да се реализира во рок од шест месеци (што согласно Законот за хартии од вредност е максималниот рок во кој емисијата може да се реализира), а честопати ја користат и законската можност за продолжување на тој рок за уште три месеци со претходно одобрение од Комисијата за хартии од вредност. Сепак, имајќи го предвид досегашното искуство, евидентно е дека процентот на реализација на емисиите што се распишани преку јавна понуда е значително под максимално одобрениот износ на емисијата.

Во текот на 2004 година, во споредба со претходната 2003 година, забележано е намалување на бројот на издадени решенија за 32% (25 решенија во 2003 година, а 17 решенија во 2004 година). Гледано, пак, од аспект на вредносниот обем на издадените решенија, вредноста на распишаните емисии во 2004 година во однос на 2003 година е двојно поголема: 5.394.384.295,50 денари (87.998.818,48 Евра) во 2004 година, во однос на 2.382.591.006 денари (38.972.954 Евра) во 2003 година. Заради компаративна анализа, во продолжение се дадени податоците за бројот и вредносниот обем на издадените решенија за одобрување на емисии на хартии од вредност по години:

**Издадени одобренија за емисии на долгорочни хартии од вредност по години**

| Година | Број на издадени одобренија | Вредносен обем на издадени одобренија (во милиони денари) |
|---|---|---|
| 1992 година | 1 | 2.459 |
| 1993 година | 11 | 605 |
| 1994 година | 20 | 1.108 |
| 1995 година | 25 | 2.300 |
| 1996 година | 11 | 781 |
| 1997 година | 20 | 1.823 |
- quarterly notice (general data, changes in the capital, legal status and business activities that have significant influence on the price of the securities)
- semi-annual notice (unaudited semi-annual financial statements)
- annual notice (part of audited annual statement with the opinion from certified auditor)
- other information that has significant influence on the price of securities (agreements that have significant influence on the operation of the companies, intent for takeover and takeover the joint stock companies).

**Changes (entries) in the SEC's Registry**

| | Initial registration 17-03-2004 | Change on 20-07-2004 | Change on 25-10-2004 |
|---|---|---|---|
| **Number of joint stock companies maintained with the Registry** | 188 | 183 | 181 |
| **Deleted companies from the Registry** | / | 8 | 3 |
| **New registrations of companies in the Registry** | / | 3 | 1 |

## III. РЕГИСТАР НА АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА ШТО СЕ ВОДИ ВО КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Акционерските друштва ги доставуваат известувањата во писмена и електронска форма, пропратени со изјава во писмена форма од одговорното лице во друштвото, со која се гарантира дека доставените податоци до Комисијата се веродостојни и точни. Доколку доставените известувања се комплетни во смисла на Правилникот за начинот, содржината и формата на известувањата на акционерските друштва кои се водат во регистарот на Комисијата за хартии од вредност , Комисијата за хартии од вредност истите ги објавува во рок од 30 дена од денот на нивниот прием.

Во изминатата 2004 година, почнувајќи од месец април, кога почна да важи Правилникот за начинот, содржината и формата на известувањата на акционерските друштва кои се водат во регистарот на Комисијата за хартии од вредност, бројот на акционерски друштва кои доставиле, делумно доставиле или воопшто не доставиле извештаи и информации по овој Правилник е како што следува:

Заради попрецизно прикажување на состојбите во однос на бројот на делумните постапувања (поединечно по друштво) согласно Правилникот на КХВ, потребно е да се потенцира дека од вкупниот број доставени и објавени известувања и информации кои се однесуваат за работењето на друштвата во 2004 година, состојбата во Регистарот е следна:

**- Број на годишни известувања:** 62[2]

**- Број на полугодишни -шестмесечни известувања:**

- (**I** семестар 2004) 59
- (**II** семестар 2004) 38[3]

**- Број на тримесечни известувања:**

- (**II** тромесечие 2004) 24
- (**III** тромесечие 2004) 33
- (**IV** тромесечие 2004) 34[4]

**- Број на доставени други информации:** 4

**Број на акционерски друштва кои доставиле, делумно доставиле или воопшто не доставиле извештаи и информации за објава во Регистарот на КХВ**

| Реден број | | Број на друштва (според состојба на Регистарот од 30-09-2004 година | % од вкупен број на АД-а со состојба на Регистарот од 30-09-2004 година |
|---|---|---|---|
| 1. | Друштва кои постапиле по Правилникот за начинот, содржината и формата на известувањата на акционерсите друштва кои се водат во Регистарот на КХВ | 14 | 7.73% |
| 2. | Друштва кои делумно постапиле по Правилникот за начинот, содржината и формата на известувањата на акционерсите друштва кои се водат во Регистарот на КХВ, при што доставено е најмалку едно известување | 73 | 40.33% |
| 3. | Друштва кои не постапиле по Правилникот за начинот, содржината и формата на известувањата на акционерсите друштва кои се водат во Регистарот на КХВ | 94 | 51.93% |

2 Состојба заклучно со 21.01.2005 година
3 Состојба заклучно со 17.03.2005 година
4 Состојба заклучно со 17.03.2005 година

## III. REGISTRY OF JOINT STOCK COMPANIES WHICH IS MAINTAINED IN THE SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION

The joint stock companies submit their notices in writing and in an electronic form, along with the written statement from the responsible person whereby he/she guarantees that the data stated in notices is authentic and true.

If the notices which are sent to the Commission are in accordance with Regulations on the manner, contents and form of notices of joint stock companies which are maintained in the Registry of the Commission, Securities and Exchange Commission is due to publish the notice on its website in terms of 30 days from the day they were received.

Beginning from April 2004, when the Regulations on the manner, the contents and the form of notices of joint stock companies which are maintained in the Registry of the Securities and Exchange Commission came into effect, the number of joint stock companies which submitted, partially submitted or have not submitted statements and information in accordance with the Regulations is given below:

Regarding the number of joint stock companies which act partially in accordance with Regulations of the SEC, it should be underlined that from the total number of submitted and announced notices and information about operation of the companies in 2004, the standing in the Registry is given below:

- **Number of annual notices:** 62[2]
- **Number of semi-annual notices:**
- **(I semester 2004)** 59
- **(II semester 2004)** 38[3]
- **Number of quarterly notices**
- **(II quarter 2004)** 24
- **(III quarter 2004)** 33
- **(IV quarter 2004)** 34[4]
- **Number of other submitted information: 4**

**Number of joint stock companies which submitted, partially submitted or have not submitted statements and information in the Registry of the SEC**

| Number | | Number of companies (according to the Registry standing from 30-09-2004 | % from total number of companies with Registry standing from 30-09-2004 |
|---|---|---|---|
| 1. | Companies which act in accordance with Regulations on manner, contents and form of notices of joint stock companies which are maintained in the Registry of the Commission | 14 | 7.73% |
| 2. | Companies which partially act in accordance with Regulations on the manner, contents and form of notices of joint stock companies which are maintained in the Registry of the Commision (at least one notice submitted) | 73 | 40.33% |
| 3. | Companies which do not act in accordance with Regulations on manner, contents and form of notices of joint stock companies which are maintained in the Registry of the Commission | 94 | 51.93% |

2 Standing as of 21.01.2005
3 Standing as of 17.03.2005
4 Standing as of 17.03.2005

## III. РЕГИСТАР НА АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА ШТО СЕ ВОДИ ВО КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Од погоре прикажаното може да се утврди дека голем број од акционерските друштва кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност воопшто не доставиле известувања или информации кои согласно Законот за хартии од вредност и подзаконските акти биле должни да ги достават до Комисијата за хартии од вредност, или пак истите не биле доставени во пропишаната форма што може да предизвика несоодветен приказ на податоците за друштвото во јавноста (до Комисијата за хартии од вредност се доставени приближно 27 некомплетни годишни известувања од акционерки друштва, 30 шестомесечни известувања, 23 тримесечни известувања и 5 несоодветни тековни известувања).

Комисијата за хартии од вредност согласно Законот за хартии од вредност не одговара за точноста и вистинитоста на доставените известувања.

Може да се констатира дека акционерските друштва кои се водат во Регистарот на Комисијата недоволно ги исполнуваат своите обврски за објавување податоци определени со Законот за хартии од вредност и подзаконските акти. Согласно едногодишното искуство од функционирањето на Регистарот на акционерските друштва во Комисијата за хартии од вредност, недоволното исполнување на обврските од страна на акционерските друштва од Регистарот упатува на неколку заклучоци:

1. акционерските друштва не доставуваат известувања заради избегнување на обврските за информирање на јавноста и малцинските акционери;
2. постојат тешкотии кај акционерските друштва при изготвувањето и доставувањето на известувањата до Комисијата (несоодветно разбирање на обврските за објавување кои се однесуваат на Регистарот, недостаток на луѓе и средства за изработка и достава на истите итн.)

Како дополнување на ова е и фактот дека во Законот за хартии од вредност не е предвидена санкција за непостапување на акционерските друштва и одговорните лица во нив во поглед на почитувањето на одредбите кои се однесуваат на Регистарот кој го води Комисијата.

Всушност, неисполнување на обврските од страна на друштвата значи дека пазарот на капитал во Република Македонија и понатаму се соочува со значаен степен на затвореност во поглед на информациите кои имаат влијание врз цените на хартиите од вредност. Со ваквото значајно непостапување во однос на објавувањето на информациите на поголемиот дел на акционерските друштва се ограничува пристапот до деловни информации за друштвата, на акционерите и оние инвеститори кои сакаат да ги вложуваат своите слободни парични средства во хартии од вредност.

Од друга страна, пак, воведувањето на Регистарот претставува новитет како обврска на акционерските друштва да ги објавуваат значајните податоци и финансиски резултати од работењето, па оттаму, во наредниот период се очекува да се надминат поголемиот број горенаведени тешкотии и пречки и да се создаде "навика" и континуитет во објавувањето на податоците, од кое корист ќе имаат и самите акционерски друштва и инвеститорите во РМ.

Тековното објавување на сите релеванитни информации за работата, резултатите и функционирањето на едно акционерско друштво е едно од основните начела на корпоративното управување, кое како принцип е основен предуслов за создавање на атрактивна инвестициона клима, којашто се карактеризира со конкуректски ориентирани компании и ефикасни финансиски пазари.

Одредбите на Законот за хартии од вредност од декември 2003 година со кои се воведе Регистарот на акционерски друштва кој го води Комисијата за хартии од вредност значеше и напуштање на претходните законски одредби за известување на јавноста од страна на друштвата преку објави на информации кои можат да имаат влијание врз цената на хартиите од вредност согласно дотогаш важечкиот член 56 од Законот за хартии од вредност. Имено, тие законски одредби се однесуваа за сите трговски друштва во Република Македонија издавачи на хартии од вредност, при што друштвата истите беа должни да ги исполнат преку објави во дневни весници и на веб страницата на Комисијата за хартии од вредност. Причина за напуштање на концептот за известување на јавноста од страна на сите трговските (акционерските) друштва- издавачи на хартии од вредност беше преголемата опфатност на друштвата со законот, потребата од утврдување на нови, подетални начини на објавување на корпоративните информации и примена на принципите на корпоративното управување за транспарентност и објавување на податоците.

## III. REGISTRY OF JOINT STOCK COMPANIES WHICH IS MAINTAINED IN THE SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION

It can be concluded, that large number of joint stock companies maintained in the SEC's Registry haven't at all submitted notices or information which according to the Securities Law and its bylaws are due to submit to the Securities and Exchange Commission, or companies haven't submitted notices in a proper form which may initiate inadequate presentation of the companies data in public. (SEC received nearly 27 incomplete annual notices from the joint stock companies, 20 semi-annual notices, 23 quarterly notices and 5 inadequate continual notices).

Securities and Exchange Commission in accordance with Securities Law is not responsible for the truthfulness and correctness of submitted notice.

It is evident that joint stock companies which are maintained in the Registry of the Commission do not accomplish their disclosure obligations, stipulated by the Securities Law and its bylaws. Based on the one year experience of functioning of SEC' Registry of joint stock companies, and the insufficient accomplishment of the obligations from joint stock companies which are maintained in the Registry, following conclusions could be drawn up:

1. joint stock companies fail to submit notices in order to avoid the obligations of informing the public and minority shareholders
2. existence of difficulties in the process of preparing and submitting the notices to the Commission (misunderstanding of the obligations to announce notice, insufficiency of resources for preparing and submitting the notices etc.)

In addition, there are no sanctions prescribed by the Securities Law for joint stock companies and their responsible persons, for failing to act in accordance with the Securities Law provisions regarding the Registry which is maintained in the Commission.

Non performance of the obligations from joint stock companies indicates that the capital market in the Republic of Macedonia is still facing with significant degree of privacy of the price sensitive information. This significant misconduct in relation to disclosure of information of many companies, contributes for the limited access to business information both by shareholders and by investors who want to invest their money in securities.

On the other hand, the establishment of the Registry is a novelty imposing new obligation to the companies for disclosure of the significant data and financial results from their operations. Thus, the future expectations are that all this obstacles will be exceeded and for the benefit of companies and investors in the Republic of Macedonia the practice and continuity for disclosure will be created.

Continual disclosure of all relevant information for operations, results and functioning of joint stock companies is one of the basic tenets of corporate governance, which as a principle is prerequisite for creating attractive investment environment characterized with competitively oriented companies and efficient financial markets.

The provisions of the Securities Law from December 2004, with which the SEC's Registry of joint stock companies was introduced, replaced the previous provisions of article 56 from the Securities Law for publishing data that have influence on the price of the securities. The provisions of article 56 referred to all companies in the Republic of Macedonia- issuers of securities whereby the companies in accordance with the provisions were obliged to publish the information in a daily newspaper and on the website of the Securities and Exchange Commission. Main reason for replacing the concept for informing the public by all companies –issuers of securities was: the large scope of companies obliged to disclose information, the need for introducing new, more precise manners of disclosure of corporate information and the need for applying the corporate governance principles for transparency and disclosure.

# IV. ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2004 ГОДИНА

## 1 "Македонска Берза на долгорочни хартии од вредност" АД Скопје

Во рамките на актуелните општествено-економски услови и примената на важечката регулатива за работење со хартии од вредност, во тргувањето со хартиите од вредност на "Македонската Берза" АД Скопје во 2004 година (класично тргување, блокови и други хартии од вредност) се остварени подобри резултати за 10% во однос на вкупниот обем на тргување реализирано во претходната година.

Во текот на 2004 година на Берзата е зголемен вредносниот обем на класичното тргување со хартиите од вредност (без блокови).

Вкупниот промет на "Македонската Берза" АД Скопје во 2004 година изнесува околу 44,8 милиони ЕВРА (без блок трансакциите), што во однос на остварениот промет од 2003 година претставува зголемување од 19,2 %, што може да се согледа од графичкиот приказ:[5]

Вкупен промет на Македонската Берза




5 Во 1996 година остварени се околу 0,7 милиони евра, во 1997 год. 18 мил. евра, во 1998 год. околу 77 мил. евра, во 1999 год. 25 мил. евра, во 2000 год. 125 мил. евра, во 2001 год. 53 мил. евра, во 2002 год. 31 мил. евра, 2003 год. 37,7 мил. евра и во 2004 год. 44,8 мил. евра.

# IV. CAPITAL MARKET IN REPUBLIC OF MACEDONIA IN 2004

## 1 Activities of the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje

Within the framework of the actual socio-economic environment and the implementation of the current regulation regarding the operation with securities, the results form trading with securities on the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje in 2004 (usual trading, block transactions and other securities) were by 10% higher compared to the previous year. (In 1996 there was a turnover of 7 million euros, in 1997: 18 million euros, in 1998: about 77 million euros, in 1999: 25 million euros, in 2000: 125 million euros, in 2001: 53 million euros, in 2002: 31 million euros and in 2003: 37.7 million euros.)

The volume value of trading in securities on the Stock Exchange increased in 2004.

The total turnover of Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje in 2004 was about 44.8, million euros (without any block transactions), which compared to the turnover realized in 2003 is increase by 19.2% which can be seen on the following graph.

**Total turnover on Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje**



## IV. ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2004 ГОДИНА

Во 2004 година на Македонската Берза АД Скопје беа пријавени 107 блок трансакции со вкупна вредност од 5,2 милијарди денари.

Во текот на цела 2004 година имаше континуирано тргување на берзата со над 3,9 милиони акции и 35,8 милиони обврзници и се остварени 17.334 трансакции со хартии од вредност што претставува зголемување за 0,5% во однос на остварените трансакции во 2003 година.

Во вкупно реализираниот промет, прометот со хартиите од вредност кои котираат на официјалниот пазар на Берзата учествува со 81,5%, прометот на неофицијалниот пазар во вкупниот промет учествува со 17,9% и конвертибилните сертификати учествуваат со 0,6%.

Во вкупниот промет (без блокови) на "Македонската Берза"АД Скопје 53,0% отпаѓаат на трансакциите со државните обврзници, 46,4% отпаѓаат на тргувањата со акции на акционерските друштва и со другите хартии од вредност (конвертибилниот сертификат) се тргувало на Берзата со 0,6% во вкупните трансакции.

пакети на акции од портфолиото на Агенцијата за приватизација на РМ и на Фондот на ПИОМ и удели во 38 друштва со ограничена одговорност) од кои 6 милиони евра се купопродажби реализирани со плаќање во готово и 0,43 милиони евра со безготовинско плаќање.

Најликвидна хартија од вредност во 2004 година беше државната обврзница за обештетување на граѓаните од старото девизно штедење со која од вкупно 201 дена се тргуваше на 195 денови за тргување. Највисоката постигната цена за оваа обврзница изнесуваше 79,7%, а најниската 70% од номиналната вредност на обврзницата.

Акциите на Макпетрол АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Комерцијална Банка АД Скопје, Европа АД Скопје и Топлификација АД Скопје, Гранит АД Скопје, чии акции беа составен дел на Индексот на Македонската берза АД Скопје, во текот на 2004 година беа најликвидни хартии од вредност-акции и со истите е тргувано во просек од 73 до 189 дена на тргување.

**Учество на видовите хартии од вредност во вкупниот промет на Берзата**




**Учество на пазарите на Берзата во тргувањето**




Преку "Македонската Берза" АД Скопје во 2004 година државата реализира 6,43 милиони ЕВРА преку продажба на 87 пакети на резидуални акции и удели, што претставува намалување во однос на составрувањето од 2003 годинас (продажба на 49

Согласно член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр.37/2002 година), издавачите на долгорочни хартии од вредност кои ги исполнуваат условите утврдени во правилата за

## IV. CAPITAL MARKET IN REPUBLIC OF MACEDONIA IN 2004

In 2004 on the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje were reported 107 block transactions in total value of 5.2 billion denars.

In the course of 2004, there was a continuous trading on the Stock Exchange with over 3,9 million shares and 35,8 million bonds and were realized 17,334 transactions with securities, which is an increase by 0,5 % compared to the transactions realized in 2003.

In the total number of the transactions that were realized, the transactions with securities that are listed on the official market of the Stock Exchange participate with 81.5%, the securities traded on the unofficial market participated with 17,9% and the convertible certificates participate with 0,6%.

In the total turnover (without blocks) of the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje, 53,0% fall on the transactions with government bonds,46,4% fall on the trading with shares of companies and other securities( convertible certificate) is traded on the Stock Exchange, with 0,6 % in the total transactions.

49 packages from the portfolio of Privatization Agency of RM and Pension and Disability Insurance Fund) of which 6 million euros represent sales realized by payment in cash and 0.43 million euros realized by non cash payment.

The most liquid security in 2004 was the government bond issued for the purpose of compensation of the citizens of frozen saving deposits, which, of the total 201, was traded on 195 trading days. The highest price that this bond reached was 79.7%, and the lowest 70% of the nominal value of the bond.

The shares of Makpetrol Inc. Skopje, Alkaloid Inc. Skopje, Komercijalna Banka Inc. Skopje, Evropa Inc. Skopje and Toplifikacija Inc. Skopje, which are components of the Index of the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje, during 2004, were the most liquid securities – shares and they have been traded on average between 73 to 189 trading days.

**Share of securities in total of Stock Exchange**




**Share of the markets of the Stock Exchange in trading**




Through the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje, in 2004, the government realized 6.43 million euros by selling 87 packages of shares, which is a decrease compared to the transactions realized in 2003 (selling

According to Article 3 of the Law on Amending the Securities Law (Official Gazette of the Republic of Macedonia no.37/2002), it is stipulated that the issuers of long-term securities, which meet the

котација на Берзата, се должни да ги котираат своите хартии од вредност на официјалниот пазар на Берзата, најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на законот, односно заклучно со 31 декември 2004 година да бидат котирани на Македонската Берза АД Скопје.

На почетокот на деловната 2004 година на официјалниот пазар на Берзата котираа 98 акции на акционерските друштва од Република Македонија со пазарна капитализација од 289,8 милиони евра како и четири државни обврзници со пазарна капитализација од 400,6 милиони евра. На крајот на 2004 година на Берзата котираа 68 акции на акционерски друштва, чија пазарна капитализација изнесуваше 303 милиони евра.

Официјалниот берзански индекс МБИ на крајот од 2004 годината забележа пораст од 14,7% во однос на неговата завршна вредност од 2003 година. На 28-12-2004 година тој изнесуваше 1.356,56 индексни поени што воедно беше и негова највисока вредност на годишно ниво. Најниска вредност на МБИ била забележана на 14-01-2004 година кога истиот изнесувал 1113,63 индексни поени.

## 2 Активностите на брокерските куќи и банките како овластени учесници на Берзата

Во текот на 2004 година на пазарот на капитал во Република Македонија активно работеа 8 брокерски куќи и 6 деловни банки на кои Комисијата за хартии од вредност им има издадено одобренија за работа со долгорочни хартии од вредност, со што се стекнале со право да бидат членки на Македонската Берза АД Скопје.

Во структурата на остварениот вкупен промет реализиран на "Македонската Берза" АД Скопје во 2004 година, брокерските куќи и банки го остварија следното учество:

- "Комерцијална Банка" АД Скопје со учество од 25,3% од вкупниот промет;
- "Тутунскаброкер" АД Скопје со учество од 19,2% од вкупниот промет;
- "Бро- Дил" АД Скопје со учество од 7,8% од вкупниот промет;
- "Инвест Брокер" АД Скопје со учество од 7,6% од вкупниот промет;
- "Стопанска Банка" АД Скопје со учество од 7,5% од вкупниот промет;
- "Фершпед Брокер" АД Скопје со учество од 6,0% од вкупниот промет;
- "Мак-Брокер" АД Скопје со учество од 5,6% од вкупниот промет;
- "Еуро Брокер" АД Скопје со учество од 5,1 % од вкупниот промет;
- "Тетекс Кредитна Банка" АД Скопје со учество од 3,8% од вкупниот промет;
- "Силекс Банка" АД Скопје со учество од 3,4% од вкупниот промет;
- "Уни Банка" АД Скопје со учество од 3,0% од вкупниот промет;
- "Охридска Банка" АД Охрид со учество од 2,5% од вкупниот промет;
- "Битола Брокер" АД Битола со учество од 2,4% од вкупниот промет;
- "Поштел Брокер" АД Скопје со учество од 0,8% од вкупниот промет на Берзата.

requirements determined in the Listing Rules of the Stock Exchange, are obliged to list their securities on the official market of the Stock Exchange, not later than six months after the day this law came into force, or as of December 31, 2004.

At the beginning of the business year 2004, there were 98 shares of the joint stock companies from the Republic of Macedonia listed on Macedonian Stock Exchange with market capitalization of 289.8 million euros, as 4 government bonds with market capitalization of 400.6 million euros. By the end of the business year 2004, there were 68 shares of the joint stock companies listed on Stock Exchange with market capitalization of 303 million euros

The official exchange index (MBI) at the end of 2004 indicated an increase of 14.7% compared to its final value in 2002. On 28 December 2004 it was 1,356.56 which was in fact its highest value at annual level. The lowest level of MBI's value was noticed on 14 January 2004, when it was 1113.63 points.

## 2 Activities of the brokerage houses as licensed participants on the Stock Exchange

In the Republic of Macedonia actively operate 8 brokerage houses and 6 commercial banks to which the Securities and Exchange Commission had issued approval for operation with long term securities, which in turn provided them the right to become founders and members of the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje.

The share of the brokerage houses and the banks in the structure of the total turnover realized on the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje in 2004 is the following:

- 'Komercijalna Banka' Inc. Skopje with a share of 25.3% of the total turnover;
- 'Tutunskabroker' Inc. Skopje with a share of 19.2 % of the total turnover;
- 'Bro-Dil' Inc. Skopje with a share of 7.8 % of the total turnover;
- 'Invest Broker' Inc. Skopje with a share of 7.6 % of the total turnover;
- 'Stopanska Banka' Inc. Skopje with a share of 7.5 % of the total turnover;
- 'Fershped Broker' Inc. Skopje with a share of 6.0 % of the total turnover;
- 'Mak Broker' Inc. Skopje with a share of 5.6 % of the total turnover;
- Euro Broker Inc. Skopje with a share of 5.1 % of the total turnover;
- Teteks Kreditna Banka Inc. Skopje with a share of 3.8 % of the total turnover
- Sileks Banka Inc. Skopje with a share of 3.4 % of the total turnover;
- Uni Banka Inc Skopje with share of 3.0% of the total turnover
- Ohridska Banka Inc. Ohrid with a share of 2.5 % of the total turnover;
- ''Bitola Broker' Inc. Bitola with a share of 2.4 % of the total turnover and
- Poshtel Broker' Inc. Skopje with a share of 0.8 % of the total turnover on the Stock Exchange

## IV. ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2004 ГОДИНА

Во остварениот вкупен број на трансакции во 2004 година, во износ од 34.668 трансакции (двојно пресметани и од куповна и продажна страна), брокерските куќи и банки го остварија следното учество:

- "Комерцијална Банка" АД Скопје со 29,0% учество во вкупните трансакции;
- "Тутунскаброкер" АД Скопје со 14,4% учество во вкупниот број трансакции;
- "Стопанска Банка" АД Скопје со 11,9% учество во вкупниот број трансакции;
- "Мак-Брокер" АД Скопје со 6,7% учество во вкупниот број трансакции;
- "Инвест Брокер" АД Скопје со 6,5% учество во вкупните трансакции;
- "Бро-Дил" АД Скопје со 6,0% учество во вкупниот број трансакции;
- "Фершпед Брокер" АД Скопје со 4,7% учество во вкупниот број трансакции;
- "Уни Банка" АД Скопје со 3,7 % учество во вкупниот број трансакции;
- "Битола Брокер" АД Битола со 3,2% учество во вкупниот број трансакции;
- "Силекс Банка" АД Скопје со 3,2% учество во вкупниот број трансакции;
- "Тетекс Кредитна Банка" АД Скопје со околу 3,1% учество во вкупниот број трансакции;
- "Охридска Банка" АД Охрид со 2,4% учество во вкупниот број трансакции и
- "Поштел Брокер" АД Скопје со 0,6% учество во вкупниот број трансакции.

Податоците врз основа на кои е пресметано учеството на членките на Македонската Берза АД Скопје во остварениот вкупен промет и во вкупниот број на реализирани трансакции се базираат врз двојно пресметување од двете страни на секоја трансакција, и при купување и продавање, со цел да се овозможи вклучување и на активностите и остварените резултати на членките при реализацијата и на вкрстените трансакции.

**Учество на членките на Берзата во вкупниот промет во 2004 година**




**Учество на членките на Берзата во вкупниот број на остварени трансакции во 2004 година**



In the total number of realized transactions during 2004, in volume of 34,668 transactions, the share of each brokerage house and bank was the following:

- 'Komercijalna Banka' Inc. Skopje with 29% share in the total number of transactions;
- 'Tutunskabroker' Inc. Skopje with 14.4 % share in the total number of transactions;
- 'Stopanska Banka' Inc. Skopje with 11.9 % share in the total number of transactions;
- 'Mak-Broker' Inc. Skopje with 6.7 % share in the total number of transactions;
- 'Invest Broker' Inc. Skopje with 6.5 % share in the total number of transactions;
- 'Bro-Dil' Inc. Skopje with 6.0 % share in the total number of transactions;
- 'Fershped Broker' Inc. Skopje with 4.7 % share in the total number of transactions;
- Uni Banka Inc. Skopje with 3.7 share in total number of transactions
- 'Bitola Broker' Inc. Bitola with 3.2 % share in the total number of transactions;
- Sileks Banka Inc. Skopje with 3.2 % share in the total number of transactions;
- Teteks Kreditna Banka Inc. Skopje with 3.1 % share in the total number of transactions.
- Ohridska Banka Inc. Ohrid with 2.4 % share in the total number of transactions;
- 'Poshtel Broker' Inc. Skopje with 0.6 % share in the total number of transactions;

Data which is used for calculating the share of the Exchange's members in the total turnover and in the total number of realized transactions is based on calculations on both sides of each transaction (buying and selling) with purpose to take into consideration the activities and results of the members through realization of crossed transactions.

**The share of the Exchage's members in the total turnover in 2004**




**The share of the Exchage's members in the total number of realized transactions in 2004**



## 3 Активности на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје

Во текот на 2004 Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје продолжи со вршењето на своите функции предвидени со Законот за хартии од вредност и Правилата за работа.

Во рамките на тековното работење, во Депозитарот и натаму се спроведуваше непречено утврдувањето и порамнувањето на трансакциии склучени на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност АД Скопје, водење на индивидуалните сметки за хартии од вредност, спроведување на нетрговски преноси на сопственост врз хартии од вредност и обезбедување на услуги за издавачите на хартии од вредност.

Во текот на 2004 г. со несмален интензитет беа доставуавни и барања за податоци од страна на овластени државни органи и институции, како Комисијата за хартии од вредност, надлежните судови, Антикорупциската комисија, Дирекцијата за спречување на перење на пари, Народниот правобранител, Јавното обвинителство и Јавното правобранителство. Во поглед на известувањата,беше склучен и Договор за меѓусебна соработка со Народната Банка на РМ за редовно доставување на податоци.

Комуникацијата со брокерските друштва и овластените банки беше унапредена со воведување на електронско доделување на полномошното кое клиентот му го издава на брокерот. На овој начин се забрза целата постапка на евидентирање бидејќи со надградување на системот на ЦДХВ се овозможи регистрирањето на полномошната да го извршува директно брокерот.

**Податоци за бројот на иматели на акции, обврзници за денационализација, конвертибилни сертификати и државни записи**

| | |
|---|---|
| Домашни физички лица | 187382 |
| Домашни правни лица | 2954 |
| Странски физички лица | 1341 |
| Странски правни лица | 185 |
| **Вкупно** | **191862** |

## 3 Activities of the Central Securities Depository Inc. Skopje

During 2004 Central Securities Depository Inc. Skopje continued performing its legal functions prescribed by the provisions of the Securities Law and the CSD's Rules.

While performing its operations, the Depository is realizing the function of clearing and settlement of the transactions concluded on the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje; maintains securities accounts of the owners, executes the non-trade transactions of securities and provides services for the issuers of securities.

During 2004, with intensity were submitted requests for data from authorized government bodies including: Securities and Exchange Commission, Anticorruption Commission, and Directorate for Money Laundering Prevention, Ombudsman, Public Prosecutor, and Public Attorney. The CSD also signed an Agreement with NBRM for reciprocal cooperation and continual exchange of information.

Communication with brokerage houses and banks that are authorized participants on the capital market was improved by introducing the electronic evidence of power of attorney, issued for broker by its client. This contributed to accelerating the whole procedure of evidencing, because the upgrading of the system provided registration of the proxy statements (i.e. power of attorney) to be performed by the broker itself.

**Data on number of shareholders, holders of bonds for denationalization, convertible certificates and treasury notes**

| | |
|---|---:|
| Domestic natural persons | 187382 |
| Domestic legal entities | 2954 |
| Foreign nayural persons | 1341 |
| Foreign legal entities | 185 |
| **Total** | **191862** |

Во табелата која следи се прикажани податоци за вкупниот број на иматели на обврзници по основа на старо девизно штедење, и нови иматели во 2004 година согласно доставените податоци од деловните банки.

**Број на иматели на обврзници од старо девизно штедење**

| | |
|---|---:|
| Домашни физички лица | 109.584 |
| Домашни правни лица | 272 |
| Странски физички лица | 3203 |
| Странски правни лица | 9 |

### а) Порамнети берзански трансакции по месеци во 2004 година и нетрговски преноси во 2004 година

● **Берзански трансакции**

**Промети на берзански трансакции по месеци во 2004 година**



The following table provides data on the total number of holders of bonds of frozen saving deposits and new holders in 2004 according the data from commercial banks.

Numbers of holders of bonds of frozen saving deposits

| | |
|---|---|
| Domestic natural persons | 109.584 |
| Domestic legal entities | 272 |
| Foreign nayural persons | 3203 |
| Foreign legal entities | 9 |

**a) Settled trade transactions sorted by months and number of non-trade transactions in 2004**

- **Settled trade transactions sorted by mounts in 2004**

Settled trade transactions sorted by months in 2004



### • Нетрговски преноси

Нетрговските преноси се спроведуваат директно во Депозитарот од страна на операторите на сметки. Овие преноси се резултат на правни дела предвидени со законот како правни основи за нетрговски пренос на сопственост: наследство, подарок, компензација, судски одлуки и други начини утврдени со закон.

**Нетровски преноси врз основа на подарок, компензација и наследство**

| Година | Наследство | Подарок | Компензација |
|---|---|---|---|
| 2004 | 2965 | 702 | 45 |

Во текот на 2004 година во ЦДХВ се работеше на усогласеноста на системот на ЦДХВ АД Скопје со меѓународните стандарди (препораките на IOSCO, G-10 и G-30), се преземаа активности околу зачленување во меѓународни институции од значење за ЦДХВ (асоцијацијата на национални нумерички агенции – ANNA - воведувањето на меѓународни стандардизирани идентификациони кодови на хартиите од вредност согласно ISO 6166, зачленување во IOSCO, зачленување во АГЦ и Американската комисија за хартии од вредност) и се работеше на развојот на компјутерскиот систем – започнување на активности за воведување нови решенија за работа со групните сметки за продавање и купување на брокерските друштва и развој на софтверско решение за порамнување на трансакции со државни записи.

### • Non-trade transfers

Non-trade transfers are executed directly at the Depository from the account are done operators. These transfers in accordance with legal deeds stipulated by law as legal basis for non-trade transfer of property, such as: inheritance, gift, compensation, court decisions and other manner according the law.

**Non-trade transfers on the basis of gift, compensation and inheritance**

| Year | Inheritance | Gift | Compensation |
|---|---|---|---|
| 2004 | 2965 | 702 | 45 |

During 2004, CSD worked on harmonization of its system with the international standards (recommendations of IOSCO, G-10 and G-30), carried out activities on joining the international institutions, which are relevant and important for CSD (Association of national numeric agencies- ANNA- introduction of international standardized identification codes of securities in accordance with ISO 6166, becoming a member of IOSCO, as well as of AGC and establishing cooperation with the US Securities and Exchange Commission). CSD also worked on the development of its computer system - carried out activities for introducing new solutions for registration of group accounts of brokerage houses for selling and buying and activities for development of software solutions for settlement of the transactions of treasury bills.

## 4 Активности на Комисијата за хартии од вредност во врска со издавање согласности на актите на Берзата на долгорочни хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност

Во текот на 2004 година, Комисијата за хартии од вредност даде согласност на измените и дополнувањата на Статутот на Македонската Берза АД Скопје, Процедурите за тргување, Правилата за работа, Тарифникот за висина на надоместоците и други акти на Македонската Берза АД Скопје.

Во април 2004 година Комисијата даде согласност и на новиот Правилник за котација на хартии од вредност на Македонската Берза АД Скопје.

Во рамките на надлежностите на Комисијата за давање согласности и одобренија на актите на Македонската Берза АД Скопје, Комисијата во јануари 2004 година донесе одлука за давање согласност за тргување со државни краткорочни хартии од вредност на Македонската Берза АД Скопје.

Комисијата за хартии од вредност во јуни 2004 година расправаше по некои актуелни прашања поврзани со реализацијата на блок трансакции на Македонската берза АД Скопје. Притоа, беше констатирано дека во досегашната практика при реализацијата на блок трансакциите на Берзата се забележани негативни ефекти и појави при нивното реализирање, а пред с : непазарно формирање на цената на хартиите од вредност, нетранспарентност, непазарни принципи на кои се темелат овие трансакции, а во голем број случаи и оштетување на интересите на малите акционери. Раководејќи се од основните начела за законит, чесен и транспарентен пазар на хартии од вредност и заштита на интересите на лицата кои се сопственици или инвестираат во хартии од вредност, а притоа имајќи го предвид и препораките на странски експерти во врска со регулативата на блок трансакциите во Република Македонија, Македонската Берза АД Скопје, по задолжение на Комисијата за хартии од вредност, подготви измени и дополнувања на Правилата за тргување во делот што се однесува на блок трансакциите, во насока на доследно и целосно вградување на основните принципи на кои се темели македонскиот пазар на капитал.

Наедно, од причините изнесени погоре, Комисијата за хартии од вредност во тој период одлучи да воведе времен мораториум на сите блок трансакции на Македонската Берза АД Скопје, со времетраење од 20 дена.

Имајќи го предвид горенаведеното дека Комисијата ги одобри промените на Правилата за тргување на Берзата поврзани со блок трансакциите, како ефект од промената на правилата може да се наведат тенденциите на зголемен промет со акции во редовното тргување, со што е овозможена и поголема транспарентност во тргувањето и е продлабочен пазарот, бидејќи значително се надминати некои од слабостите на претходните регулативни решенија во врска со блок трансакциите. Исто така, забележано е унапредување во следните насоки: формирање на цената на хартиите од вредност врз основа на пазарни принципи, зголемена транспарентност, утврдување на лимитиран број на учесници во блок трансациите, утврдување на максимален период за порамнување на трансакциите, унапредување на процедурите за реализација и контрола на блок трансациииите и др.

Некои од карактеристичните нови критериуми во врска со блок трансакциите на Берзата се:

- вредноста на блок трансакцијата да изнесува најмалку 5.000.000 денари;
- вкупниот број на купувачи и продавачи во блок трансакцијата да биде најмногу 30 лица;
- цената на акциите во блок трансакцијата за оние акции кои се тргуваат на било кој од пазарите на Берзата не смее да отстапува повеќе од минус 20% во однос на пондерираната просечна цена на сите трансакции со тие акции на Берзата во последните 30 календарски денови;
- доколку со акциите кои се предмет на блокот не се тргувало во последните 30 календарски денови, цената на акциите во блок трансакцијата не може да отстапува во минус повеќе од 20% во однос на номиналната вредност на акцијата.

Комисијата за хартии од вредност во текот на 2004 година даде согласност на измените и дополнувањата на Правилата за работа на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, во насока на доследно почитување и спроведување на принципот "испорака наспроти плаќање" при порамнувањето на реализираните купопродажни трансакции со хартии од вредност во кои исто брокерско друштво се јавува како купувач и како продавач на хартиите од вредност.

Исто така, Комисијата за хартии од вредност даде согласност на Измените и дополнувањата на Тарифата на услугите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, со што одобри воведување два нови надоместоци за услуги што ги овозможува ЦДХВ, и тоа: надомест за вршење увид во книгата на акции на акционерско друштво во електронска форма и надомест за вршење увид во печатената форма на книгата на акции на акционерско друштво.

## 4 Activities of the Securities and Exchange Commission related to issuing consent to the acts of Macedonian Stock Exchange and the Central Securities Depository

During 2004 the Securities and Exchange Commission gave its consent to the amendments of the Charter of the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje, the Trading Procedures, and the Rules of Operation of the Stock Exchange, the Tariff Book, and other acts of the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje.

In April 2004, the Commission gave its consent to the new Listing Rules of the Stock Exchange.

Within the framework of the competencies of the Commission in giving consents and approvals to the acts of the Macedonian Stock Exchange, in January 2004, the Commission made a decision to give its consent for trading with short-term state securities on the Stock Exchange.

In June 2004, the Securities and Exchange Commission considered some actual issues related to the realization of the block transactions on the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje. Namely, it was determined that in the existing practice of realization of the block transactions on the Stock Exchange, there have been noticed negative effects, like: non – market forming of the price of securities, no transparency, non – market principles on which block transactions are based, and also damaging the interests of the minority shareholders in majority of cases.. Starting from the basic principles of legal, fair and transparent securities market and also the protection of the investors interests and bearing in mind the recommendations of the foreign experts related to the block transactions in Republic of Macedonia, Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje, under the duty of the SEC, prepared amendments of its Trading Procedures, in the part related to the block transactions. The amendments were made in order to achieve consistent and full implementation of the basic principles of the Macedonian capital market.

At the same time, from the reasons presented above, in that period, the Securities and Exchange Commission decided to impose temporary moratorium of all block transactions on the Macedonian Stock Exchange, which lasted for 20 days.

The Securities and Exchange Commission approved the amendments of the Trading Procedures on the Stock Exchange related to block transactions. As a result, the total turnover with shares on the regular market increased. It also contributed to greater transparency in trading and deepening the market, because some of the weaknesses of the previous provisions related to block transactions were significantly improved. Also, there are improvements in certain courses, such as: market formation of the price of securities, enhanced transparency, establishing limited number of participants in block transactions, determining maximum period for settlement of the transactions, improvement of the procedures for realization and control of the block transactions etc.

The main features of the new criteria related to block transactions are given below:

- The total value of block transaction must not exceed 5.000.000 denars;
- The total number of buyers and sellers in block transaction can be at most 30 persons;
- The price of the shares in block transaction, for shares that are tradable on any market on the Stock Exchange, must not deviate more than (minus) -20% compared to the weighted average price of all transactions with that shares in the last 30 days;
- in case of absence of trading with shares which are subject to the block transaction in last 30 days, the price of the shares in block transaction, can not deviate more than (minus) -20% compared to the nominal value of that specific shares.

In the course of 2004, The Securities and Exchange Commission gave its consent to the amendments of the Rules of Operation of the Central Securities Depository. Amendments were made with the intention of fully complying with and implementation of the “delivery versus payment” principle, during the settlement of the transactions, when one brokerage house is buyer and seller of the securities.

At the same time, The Securities and Exchange Commission gave its consent to the amendments of the Tariff Book of the Central Securities Depository. The Commission approved the initiation of two new fees for the services that Central Securities Depository provides: fee for making inspection in the share Registry of the joint stock companies in electronic form and fee for making inspection in the share Registry of joint stock companies in printed form.

# V. КОНТРОЛА НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ И НЕГОВИТЕ УЧЕСНИЦИ ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Комисијата за хартии од вредност во текот на изминатата година активно ја извршуваше својата контролна функција на пазарот на хартии од вредност во РМ, која произлегува од позитивните законски прописи.

Реализирањето на контролната функција во најголем дел се остваруваше преку контрола на целокупното работење на 14 членки на Македонската Берза АД Скопје, контрола на Берзата и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, како и решавање на поединечни и групни барања на акционери за заштита на нивните права кои произлегуваат од сопственоста над акциите. Исто така, беа реализирани и две контроли на постапката за реализација на емисии на хартии од вредност во текот на реализацијата на овие емисии.

Во 2004 година беа поднесени 105 поднесоци и барања за заштита на акционерските права од физички и правни лица, кои во споредба со истите од 2003 година се намалени за 58%.

Од вкупните поднесоци за заштита на акционерските права во 2004 година 25 или 23,8% се однесуваат на несогласување на инвеститорите-акционери со искажаниот број на акциите во електронските записи на акционерските книги на акционерските друштва предадени во Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Посмирената динамика на доставување на барањата од овој вид е резултат на напорите на акционерските друштва за понатамошно успешно усогласување на состојбите и структурите на капиталот на друштвата искажани како електронски записи на книгите на акции кои се водат во ЦДХВ АД Скопје, кај оние субјекти кај кои такви отстапувања постоеја.

Дваесет и осум поднесоци, кои претставуваат 26,7% од вкупните во 2004 година, се однесуваат на барања со кои инвеститорите бараат Комиси-

**ПРЕГЛЕД**
**на доставени барања за спроведување на контрола од страна на КХВ и нивна структура по видови**

| | 2003 | | 2004 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Класификација на барањата** | **број** | **%** | **број** | **%** | **Индекс 04/03** |
| Несогласување со бројот на акции во електронскиот запис на книгите на акциите во Централниот депозитар АД | 78 | 30.5 | 25 | 23.8 | 32.05 |
| Барања за проверка и поништување на трансакции реализирани на Македонската берза АД | 80 | 31.3 | 28 | 26.7 | 35.00 |
| Барање за остварувања права од хартиите од вредност (право на глас, дивиденда и остаток од стечајна маса) | 36 | 14.1 | 27 | 25.7 | 75 |
| Барања за остварување на право од хартиите од вредност во АД во стечај или ликвидација | 14 | 5.4 | 5 | 4.4 | 35.00 |
| Останати барања (донесување одлуки на собранија, начин на поделба на дивиденда непредавање на книгите на акцииво ЦДХВ и др. | 48 | 18.7 | 20 | 19.1 | 41.00 |
| **Вкупни барања** | **256** | **100** | **105** | **100** | **41.01** |

# V. SUPERVISION OF THE CAPITAL MARKET AND ITS PARTICIPANTS BY THE SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION

In the course of the past year, the Securities and Exchange Commission has successfully executed its control and regulatory function on the capital market in the Republic of Macedonia, which is stipulated in the existing legislation.

The realization of the supervision function was mostly based on conducting control of the entire operation of the 14 members (8 brokerage houses and 6 sectors for dealing with long-term securities within the banks that are authorized by the Commission) of the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje, as well as conducting control of the Stock Exchange and the Central Securities Depository Inc. Skopje. Also, the realization of the control function was based on individual and group requests of shareholders for protection of their rights deriving from their ownership of shares. At the same time, the Commission conducted two controls over the procedure of realization of the new issues of securities.

During 2004 to the Securities and Exchange Commission were submitted 105 requests from legal entities and persons for protection of the shareholder’s rights, which in comparison with the previous year (2003) is a decrease of 58%.

Of the total number of submitted requests for protection of the shareholder’s rights in 2004, 25 or 23,8% were related to disagreements between investors-shareholders with the stated number of shares registered in the share registers of the joint stock companies which are maintained as an electronic record at the Central Securities Depository Inc. Skopje.

The submission of this type of requests is a result of the efforts for further coordination of the status and the structures of the companies’ capital registered as an electronic record in the share registers of the joint stock companies at the Central Securities Depository Inc. Skopje.

**REVIEW**
**of the submitted requests in 2004 within the MSEC's Supervision Department and their structure by types**

| | 2003 | | 2004 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Type of request** | **number** | **%** | **number** | **%** | **Index 04/03** |
| Disagreement with the stated number of shares registered in the share registers at the Central Securities Depository | 78 | 30.5 | 25 | 23.8 | 32.05 |
| Requests for inspections and cancellations of certain transactions realized on the Macedonian Stock Exchange | 80 | 31.3 | 28 | 26.7 | 35.00 |
| Requests for exercising the rights from securities (voting right, dividend and a remainder of the estate after liquidation) | 36 | 14.1 | 27 | 25.7 | 75 |
| Requests for exercising the rights conferred in the securities in companies that are under bankruptcy or liquidation procedure | 14 | 5.4 | 5 | 4.4 | 35.00 |
| Other requests (decision-making on the shareholder's assemblies, methods of dividend distribution, obstructing the insight into the share registers at the Central Securities Depository etc.) | 48 | 18.7 | 20 | 19.1 | 41.00 |
| **Total number of the submitted requests in 2004** | **256** | **100** | **105** | **100** | **41.01** |

## V. КОНТРОЛА НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ И НЕГОВИТЕ УЧЕСНИЦИ ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

јата да изврши проверки на веќе реализирани трансакции на Македонската берза АД Скопје, бараат поништување на трансакции заради најразлични причини, приговараат на незапишување на веќе реализирани трансакции во акционерските книги на друштвата по нивното порамнување пред предавањето на електронските записи на акционерските книги во Централниот депозитар АД Скопје.

Од вкупно доставените поднесоци во 2004 година 4,4% се доставени од акционерите кои се обидуваат да ги остварат своите права од акциите кои ги поседуваат во друштва во кои е затворена или е во тек стечајна или ликвидациона постапка.

Останатите поднесоци во 2004 година со учество од 19,1% во вкупните, се однесуваат на заштитата од непочитување на други досега ненаведени акционерски права или права кои не се во надлежност на работата на КХВ и тоа: правото на управување во друштвото, изразено како право на глас на акционерско собрание; начините, методите на работа и донесување одлуките на собранијата за поделба на дивидендата по годишните пресметки на друштвата, непредавањето на електронските записи на акционерските книги во законскиот рок во Централниот депозитар АД Скопје, контрола и ревизија на искажаните структури и состојби во книгите, ревизии на приватизацијата на друштвата и тн. За целите и постапките на контролата во врска со барањата за заштита на акционерски права, Комисијата за хартии од вредност активно соработуваше со други надлежни државни органи.

Намалениот обем на поднесоците и барања за заштита на акционерските права во 2004 година е резултат на веќе, во најголем дел, уредените состојби на сопственоста на издавачите во предедените книги во ЦДХВ и овозможување на полесно и благовремено евидентирање на состојбите и промените на сопственоста врз хартиите од вредност во истите, привршување на процесот на приватизација на општествената сопственост, електронскиот начин на тргување на Берзата, посовремената нова законска регулатива, зајакнатата контролна функција на КХВ и работата на брокерските куќи со се поригорозна примена на берзанските правила.

Секако овој тренд се должи и на с понагласената функција и улога на Комисијата за хартии од вредност во спроведувањето на нејзините овластувања за преземање на конкретни, јасни и конзистентни мерки согласно законските и подзаконските прописи од нејзина надлежност. Ваквото постапување е неопхпдно, пред с , заради одржување на интегритетот на пазарот на капитал и зголемување на довербата кај инвеститорите, која пак, е потребна за акумулација и концентрација на капиталот, обезбедување стандарди на супервизијата врз сите други саморегулирачки учесници на пазарот на капитал. Оттаму, поизразеното зајакнување на улогата на Комисијата за хартии од вредност во обезбедување на законит, сигурен, транспарентен и развиен пазар на капитал во земјата е во функција на воспоставување на критериуми кои се неопходни за трасирање на вистинскиот пат до независен, кредибилен и самостоен регулатор, обезбеден со доволно ресурси, стручност и капацитет за поефикасно остварување на законски доверените функции.

Трендот на посмирена динамика, односно на намалување на барањата за заштита на акционерски права во одреден дел се должи и на улогата и заложбите на Комисијата за хартии од вредност за континуирано подобрување, иновирање и надополнување на регулативата од областа на пазарот на капитал во земјата.

Сето претходнонаведено овозможи Комисијата за хартии од вредност да го насочи своето внимание кон директен мониторинг на реализацијата на тргувањето на Берзата и вршење на директна и индиректна контрола на работењето на членките на Берзата во функција на откривање и санкционирање на превземени забранети дејствија од страна на пазарните или овластените учесници, како на пример: создавањето на лажна слика на активно тргување со хартии од вредност на Берзата, вршење привидни работи со хартии од вредност со цел заведување на инвеститорите во поглед на цената на хартиите од вредност, манипулација со цените на хартиите од вредност, создавање на лажен пазар со програмирано, манипулативно и договорено тргување со што се влијае на движењето на цената на хартиите од вредност со кои се тргува на Берзата; непочитување на Процедурите за тргување на Македонската Берза АД Скопје при реализација на блок трансакции и друго.

Комисијата во 2004 година вршеше постојана посредна и непосредна контрола на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност.

Комисијата за хартии од вредност ги сумираше резултатите и наодите од спроведените две редовни контроли на сите брокерски куќи и банки како учеснички на пазарот на хартии од вредност во текот на 2004 година, како и наодите од кон-

## V. SUPERVISION OF THE CAPITAL MARKET AND ITS PARTICIPANTS BY THE SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION

Twenty eight of the submitted requests, representing 26,7% of the total number of submissions in 2004, refer to the investors requesting that the Securities and Exchange Commission conduct inspections on the transactions that have been realized on the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje, than requesting canceling of certain transactions because of various reasons, complaining that the already realized transactions have not been entered into the share registers of the joint stock companies after their settlement prior to establishing the Central Securities Depository.

Of the total number of the submissions in 2004, 4.4% were submitted by shareholders trying to exercise their rights conferred in the shares they own in the companies where the implementation of a bankruptcy or liquidation procedure is underway or has been completed.

The remaining submissions in 2004, with a share of 19,1 % of the total number of submitted requests, were related to the protection against non-compliance with other shareholders' rights, non stated thus far, or which are not under the competencies of the Securities and Exchange Commission, such as: the right to manage with the company expressed as a voting right at the shareholders' assemblies; the manners, methods of operation and the decision-making at the shareholders' assemblies regarding the dividend distribution after the annual financial statements of the companies, avoiding to submit the electronic records of the shares registers to the Central Securities Depository Inc. Skopje within the period stipulated by the law, control and audit of the stated structures and situations in the registers, revision of the privatization of the companies etc.

The Securities and Exchange Commission actively cooperates with other competent state authorities, for the purpose and procedures of control related to the requests for protection of shareholders' rights.

The decreased number of complaints and requests for protection of shareholders' rights, during 2004 is mainly due to the clear status of the ownership of the issuers registered in the share-registers in the Central Securities Depository Inc. Skopje, as well as enabling easier and timely recording of the status and changes of the ownership of securities, finishing of the privatization process, electronic trading on the Stock Exchange, the new and contemporary legislation, the strengthened control function of the SEC and operation of the brokerage houses with more rigorous implementation of the Stock Exchange's rules.

Indeed, this trend is a result of more emphasized function and role of the Securities and Exchange Commission in conduction of its authorizations for taking of concrete, clear and consistent measures in accordance with laws and bylaws. This supervisory and enforcement activities of the SEC are necessary for the maintenance of the integrity of the capital market as well as increasing the investors confidence, which is needed for accumulation and concentration of the capital, and providing supervisory standards for all self regulatory organizations, participants of the capital market. Therefore, the strengthening of the role of the Securities and Exchange Commission in providing lawful, transparent and developed capital market in the country, is aimed at establishing the criteria, which are necessary for creating the real way to sovereign, credible and independent regulator, equipped with enough resources, competence and capacity for more efficient realization of its legal functions.

The trend of decreasing of the requests for protection of shareholders rights in certain way is due to the role and the efforts of the Securities and Exchange Commission for continuous improvement, innovating and improving the legislation related to the capital market in the country.

The above mentioned contributed to the Securities and Exchange Commission to turn its attention to direct monitoring of the trading on the Stock Exchange and conducting continual on-site and off-site inspections over the operation of the participants of the capital market. These activities of the SEC are aimed at discovering and sanctioning the forbidden activities, undertaken by the participants of the capital market, such as: creating false picture of active trading with securities on the Stock Exchange, conducting apparent activities with securities in purpose to misleading the investors about the price of the securities, price manipulations, creating false market with programmed, manipulative and pre-arranged trading which has influence on the price of the securities, disrespecting of the Stock Exchange Trading Procedures related to realization of block transactions etc.

During 2004, the Securities and Exchange Commission was conducting constant indirect and direct control over the operation of the capital market and its participants.

## V. КОНТРОЛА НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ И НЕГОВИТЕ УЧЕСНИЦИ ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

тролите на Македонската Берза АД Скопје и на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Врз основа на сознанијата добиени од контролите, Комисијата за хартии од вредност оцени дека, генерално, работењето на брокерските куќи и банки во врска со реализацијата на трансакциите со хартиите од вредност се одвива на начин регулиран со Законот за хартии од вредност и другите позитивни законски прописи, како и берзанските правила и дека овластените учесници ги почитуваат востановените правила за работа.

Притоа, во извесни случаи Комисијата за хартии од вредност одлучи да продолжи да дејствува на начин утврден со закон, како од аспект на подобрување на актите за работа на учесниците на пазарот на капитал, така и за отстранување на утврдени неправилности кај извесни субјекти.

Исто така, во однос на некои констатации што произлегоа од редовните контроли на брокерските куќи и банките, Комисијата заклучи да преземе и други корективни мерки и мерки во насока на дорегулирање на проблематиката во врска со работењето на субјектите во оваа исклучително сензитивна област, со цел понатамошно градење на транспарентен, развиен и ефикасен пазар на долгорочни хартии од вредност преку обезбедување на негова објективност, интегритет и сигурност, заштита на правата на инвеститорите во хартии од вредност и постојано јакнење на довербата на широката јавност во институциите на пазарот на хартии од вредност во РМ, а и привлекување на инвеститорите преку кои ќе се изврши прилив и акумулација на нов капитал во Република Македонија.

Во текот на 2004 година, Комисијата во своето работење донесе вкупно 46 конкретни правни акти-решенија и заклучоци.

За 14 од нив е поднесена жалба до второстепениот орган, кој 7 од нив ги одби како неосновани, 1 прифати како основана, а 6 жалби сеуште се во постапка по жалба.

Во продолжение се наведени неколку покарактеристични случаи во кои акционери побараа заштита на своите акционерски права во Комисијата за хартии од вредност во 2004 година и начинот на спроведување на нејзината контролна функција:

**1.** Во февруари 2004 година до Комисијата е доставено барање за заштита на акционерските права од акционери во Макпетрол АД Скопје, кои приговараа на нееднаквиот третман при потпишувањето на "Договор за уредување на меѓусебните односи за обезбедување управувачки пакет акции и за заштита на управувачката структура". Имено, во барањето беше наведено дека предметниот договор им е понуден само на акционерите-вработени во Макпетрол АД Скопје, заради што од Комисијата за хартии од вредност бараат да преземе одредени мерки за заштита на нивните акционерски права. Имајќи предвид дека овој договор на дел од акционерите на Макпетрол АД Скопје овозможи ограничување на трансферибилноста на акциите и попречување на слободното формирање на пазарната цена на односните хартии од вредност, Комисијата презеде активности со кои го задолжи Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје да не врши запишување на било какви податоци во врска со правата од хартиите од вредност, ограничувањата на преносот, како и забрана за располагање на сметките на хартиите од вредност на акционерите од Макпетрол АД Скопје, врз основа на потпишаниот "Договор меѓу акционери за уредување на меѓусебните односи за обезбедување на мнозински управувачки пакет акции во друштвото и за заштита на управувачката структура на друштвото", за период од 30 дена , а потоа и за период од дополнителни 60 дена. Истовремено, Комисијата ги задолжи акционерите - подносители на барањето да поднесат тужба за утврдување на валидноста на споменатиот договор до надлежниот суд во рок од 30 дена и за тоа да ја известат Комисијата.

Конечната одлука по овој предмет ќе ја донесе Основниот суд Скопје 1 Скопје, пред кој е поведена постапка за утврдување на важноста на предметниот договор.

**2.** Комисијата за хартии од вредност донесе Решение со кое ја поништи трансакцијата реализирана на Македонската Берза АД Скопје во јануари 2001 година, со која Агенцијата за приватизација на Република Македонија продаде 132.948 акции издадени од Акционерското друштво "ЕМО" од Охрид, на Командитно друштво "Арарат" од Никшиќ - Заедница на Држави на Србија и Црна Гора, заради констатирани незаконитости во начинот на реализацијата на трансакцијата во

## V. SUPERVISION OF THE CAPITAL MARKET AND ITS PARTICIPANTS BY THE SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION

The Securities and Exchange Commission has summarized the results and findings from the conducted 2 regular controls over all brokerage houses and banks as participants of the capital market, during 2004, as well as findings from the conducted controls over Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje and Central Securities Depository Inc. Skopje.

On the basis of the input received from the performed controls, the Securities and Exchange Commission has estimated that, in general, the operations of the brokerage houses and banks regarding transactions with securities are conducted in accordance to the Securities Law, other legal acts, as well as the Stock Exchange's Rules. Also, the Commission has estimated that, in general, the participants of the capital market respect the established rules of operation.

In addition, in certain number of cases, the Securities and Exchange Commission decided to continue to act in a manner determined by law, in order to improve the acts of operation on the participants of the capital market, as well as to remove the determined irregularities of certain participants.

At the same time, based on some findings that arose from the regular supervision of brokerage houses and banks, the Commission decided to impose some corrective measures. The Commission also decided to impose measures for improving the regulations regarding operations of participants in this extremely sensitive area, in order to further building of transparent, developed and efficient market of long-term securities through providing of its independence, integrity and security, protection of the investor's rights and permanent strengthening of the public confidence in the capital market institutions in Republic of Macedonia, as well as attracting the investors which will bring fresh inflow and accumulation of new capital in Republic of Macedonia.

During 2004, the Commission took 46 decisions and conclusions, regarding market participants.

Of the total number of decisions, 14 were appealed before second-instances. Seven of them were rejected as unfounded; one appeal was accepted as founded and 6 appeals are still in administrative procedure before Government Body.

Some more characteristic cases in which shareholders have requested protection of their rights from the Securities and Exchange Commission, during 2004, and Commission's response to these requests, are stated below:.

1. In February 2004, the Commission has received a request for protection of shareholder's rights from the shareholders of "Makpetrol" Inc. Skopje, which were complaining on the unequal treatment when signing the "Agreement for arrangement of mutual relations for providing control number of shares, and for protection of the managing structure". Namely, it was stated with the request that the agreement had been offered for signing, only to the shareholders who had been employed in "Makpetrol" Inc. Skopje. Because of that, shareholders have requested from the Securities and Exchange Commission to undertake measures for protection of their shareholders rights. Having in mind that for one part of the shareholders, this agreement enabled restriction of the transferability of shares and obstructing the free creating of the market price of these specific shares, the Commission undertook concrete activities. The Commission has obliged the Central Securities Depository Inc. Skopje, not to make any registration of information related to the rights deriving from securities, the limitation of transferability, as well as forbidding of disposal of the accounts of securities by the shareholders of "Makpetrol" Inc. Skopje, on the basis of the signed agreement, for period of 30 days and after that, for additional 60 days. At the same time, the Securities and Exchange Commission has obliged the shareholders-submitters of the request, in period of 30 days, to lodge a complaint to the authorized court, for determining the validity of the mentioned agreement. Also, the Commission requested feedback from shareholders on the undertaken activities and results.

The final decision is expected to be made by the Basic Court Skopje 1-Skopje.

2. The Securities and Exchange Commission took a decision for canceling of one transaction that has been realized on the Macedonian Stock Exchange Inc. Skopje in January 2001, in which the Privatization Agency of the Republic of Macedonia sold 132.948 shares issued by "EMO" Inc Ohrid, to the "Ararat" – limited partnership Nikshich, (Serbia and Montenegro, because of determined irregularities with the payment of the realized transaction. The Securities and Exchange Commission has made this decision in repeated

## V. КОНТРОЛА НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ И НЕГОВИТЕ УЧЕСНИЦИ ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

делот на нејзиното плаќање. Предметното решение Комисијата за хартии од вредност го донесе во повторна постапка во која што постапуваше според упатставата и насоките со кои претходно беше задолжена од второстепениот орган Влада на РМ, Комисија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на економијата и финансиите.

Донесеното решение беше обжалено и истото беше препратено со целокупната документација пред второстепениот орган на понатамошно постапување, кој жалбата ја одби како неоснована. Во почетокот на 2005 година по овој предмет со пресуда се произнесе и Врховниот суд на Република Македонија и тужбата на "Арарат" ДОО Будва - Србија и Црна Гора, ја одби како неоснована.

**3.** При контрола на брокерската куќа Еуро Брокер АД Скопје, Комисијата за хартии од вредност констатира дека брокерската куќа при порамнувањето на одредени берзански трансакции во делот на уплатата и исплатата на паричните средства не постапила според законскиот принцип "испорака наспроти плаќање". Имено, при контролата Комисијата за хартии од вредност констатира дека во една берзанска трансакција реализирана со акции издадени од Фаморд АД Скопје и во една берзанска трансакција реализирана со акции издадени од РЖ Интертрансшпед АД Скопје, брокерската куќа Еуро Брокер АД Скопје, порамнувањето на овие трансакции го извршила без исплата односно уплата на парични средства, спротивно на законскиот принцип "испорака наспроти плаќање". Комисијата за хартии од вредност го санкционира ваквото постапување на брокерската куќа Еуро Брокер АД Скопје со тоа што привремено (45 дена) и забрани вршење на работи со долгорочни хартии од вредност за дејностите за кои има добиено одобрение. Истовремено, Комисијата за хартии од вредност ги поништи и берзанските трансакции кои брокерската куќа Еуро Брокер АД Скопје ги порамнила без уплата и исплата на парични средства од и на клиентите, учесници во берзанските трансакции. Заради надминување и елиминирање на евентуални злоупотреби на законскиот принцип "испорка наспроти плаќање" во делот на уплатата и исплатата на паричните средства Комисијата за хартии од вредност побара од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје да пристапи кон изменување и дополнување на Правилата за работа на Депозитарот, со што ќе се обезбеди почитување и спроведување на принципот "испорака наспроти плаќање" при порамнувањето на берзанките вкрстени трансакции со хартии од вредност. Комисијата за хартии од вредност ги одобри измените и дополнувањата на Правилата за работа на Депозитарот кои се во правец на спроведување на законскиот принцип "испорка наспроти плаќање" во делот на уплатата и исплатата на паричните средства од вкрстените берзанските трансакции.

procedure, in which it was acting in accordance with the directions from the second-instance body of the Government of the Republic of Macedonia – The second instance commission in the field of economy and finance in administrative procedure.

The decision was appealed and it was sent (with the complete documentation) to the second instance body for further proceeding. The second instance body has rejected the appeal as unfounded. In the beginning of 2005, the Supreme Court of Republic of Macedonia reached its verdict for refusing the complaint of "Ararat" as unfounded.

**3.** During the regular supervision of the brokerage house Euro Broker Inc. Skopje, the Securities and Exchange Commission discovered that this brokerage house did not follow one of the basic legal principles "delivery versus payment" (DVP), at the time of settlement of certain transactions. During the inspection, the Securities and Exchange Commission has detected that in two particular transactions, realized with shares issued by "Famord" Inc. Skopje and "Intertranshped" Inc. Skopje, the brokerage house Euro Broker Inc. Skopje made the settlement without money payment, unlike the "delivery versus payment" principle. The Securities and Exchange Commission has sanctioned this kind of dealing of the brokerage house Euro Broker Inc. Skopje, and it has suspended the work of the brokerage house (in dealing with long term securities) for period of 45 days. At the same time, the Securities and Exchange Commission has cancelled the particular transactions that were settled without money payment. (on/to the participants in these transactions) . On purpose to overcome and eliminate the eventual abuses of the "delivery versus payment" principle the Securities and Exchange Commission has requested from the Central Securities Depository Inc. Skopje, to amend its Rules of operation. The requested amendments were in order to provide respecting and realization of "DVP" principle, during the settlement of the crossed transactions with securities. The Securities and Exchange Commission has approved the amendments of the Rules of operation of the Depository, concerning to the realization of the "delivery versus payment" principle in relation to the money payment in crossed transactions

# VI. СТРУЧНИ, ПРОМОТИВНИ И ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО РАЗВОЈОТ НА АКЦИОНЕРСТВОТО ВО ДРЖАВАТА

Во рамките на кампањата за едукација на малите акционери во РМ, Комисијата за хартии од вредност и во текот на 2004 година продолжи со активностите околу преведувањето, објавувањето, дистрибуцијата и продажбата на стручна литература на македонски јазик од областа на пазарот на капитал.

Во тој контекст, Комисијата за хартии од вредност во февруари 2004 година изврши промоција на трите последни книги во нејзино издание:

- "Меѓународен закон за хартии од вредност" (International Securities Law: A Contemporary and Comparative alanysis) од авторот Marc I. Steinberg,
- "Толкување на финансиските извештаи" (The Interpretation of financial statements) од авторите Benjamin Graham & Spencer B. Meredith и
- "Анализа и користење на финансиски извештаи" (The Analysis and Use of Financial Statements) од авторите Gerald I. White, Ashwinpaul C. Sondhi и Dov Fried.

Дел од отпечатениот тираж на оваа литература, како и претходно публикувните изданија, беше распределен со бесплатна дистрибуција на книгите во библиотеки, научните и стручни институции ширум нашата земја, со цел истите да бидат достапни до пошироката заинтересирана јавност.

Во рамките на извршувањето на едукативната функција, Комисијата на почетокот на 2004 година објави брошура за Развојот на Македонскиот Пазар на Капитал. Брошурата содржи информации за историјатот на пазарот на капитал во Република Македонија на македонски и англиски јазик, а поконкретно: информации за актуелната правна рамка на пазарот на капитал во РМ, организационата поставеност на пазарот на капитал во РМ, статистички податоци (фактографија), контрола над пазарот на капитал во РМ, проблем и потешкотии и идни планови и равој на пазарот на капитал во РМ. Имајки го предвид едукативниот и промотивен карактер на брошурата за пазарот на капитал во РМ. Комисија за хартии од вредност во март 2004 година брошурата ја дистрибуира бесплатно до повеќе јавни, научни и културни институции низ државата (библиотеки, факултети, средни економски училишта и др.), а истата претставуваше и составен дел од материјалот за обуката на КХВ на кадри за работење со хартии од вредност, одржана во април истата година.

# VI. PROFESSIONAL, PROMOTIONAL AND EDUCATIONAL ACTIVITIES RELATED TO THE DEVELOPMENT OF THE SHAREHOLDING IN THE COUNTRY

Within the continuation of the activities from the minority shareholders educational campaign in the Republic of Macedonia, the Securities and Exchange Commission during 2004 continued with the activities related to translation, publishing and selling professional literature in Macedonian in the field of the capital markets.

In that context, in February 2004, the Securities and Exchange Commission promoted the three remaining books in her edition:

- "International Securities Law (A Contemporary and Comparative Analysis)" by Marc I. Steinberg and
- "Interpretation of Financial Statements" by Benjamin Graham and Spencer B. Meredith;
- "Analysis and Use of Financial Statements" by Gerald I. White, Ashwin Paul Sondhi and Dov Fried.

Part of the published books, as well as the previously published editions, was distributed to libraries, scientific and professional institutions through out the country, with an objective to be available to the public.

Within its educational activities, the Securities and Exchange Commission at the beginning of 2004 published a bilingual brochure" The Development of the Macedonian Capital Market". The brochure contains information about the history of the capital market in the Republic of Macedonia, about the legal framework of the Macedonian capital market, organizational structure of the Macedonian capital market, statistics, supervision on the Macedonian capital market, problems and difficulties and future prospects for the development of the Macedonian capital market. The Securities and Exchange Commission in March 2004 distributed the brochure to several public, scientific and cultural institutions throughout the country. The brochure was also part of the recommended readings for the Training for dealing with securities, held in April 2004.

# VII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 1 Регионална средба на регулаторите на пазарите на капитал од Балканскиот регион во организација на КХВ и потпишани билатерални меморандуми за соработка

Во периодот од 24 до 26 јуни 2004 година Комисијата за хартии од вредност организираше средба на регулаторите на пазарите на капитал од Балканскиот регион, која се одржа во Охрид, на тема "Регионална соработка меѓу регулаторите на пазарите на капитал со посебен осврт во делот на супервизијата".

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, како домаќин на овој собир на регулаторите на пазарите на капитал од Балканот, имаше за цел продлабочување и јакнење на меѓусебната соработка меѓу регулаторите на пазарите на капитал на земјите од регионот и официјализирање на соработката на билатерално ниво.

Високи претставници од девет регулаторни органи на пазарот на капитал на: Бугарија, Хрватска, Федерацијата на Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Република Српска, Романија, Србија и Турција во Охрид разговараа за одделните национални искуства во делот на супервизијата на пазарите на долгорочни хартии од вредност, како и за меѓусебната соработка на регионално ниво во делот на супервизијата.

Учесниците на собирот заклучија дека излагањата беа интересни и дека информациите што се разменија на тркалезната маса се корисни како за регулаторни цели, така и за целите на супервизијата.

Во оваа прилика, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија потпиша билатерални меморандуми за соработка со регулаторните органи на пазарот на капитал на Бугарија, Хрватска, Федерацијата на Босна и Херцеговина и Црна Гора, и тоа: со Бугарската Комисија за финансиска супервизија, Комисијата за хартии од вредност на Република Црна Гора, Комисијата за хартии од вредност на Федерацијата на Босна и Херцеговина и Хрватската Комисија за хартии од вредност.

Во јуни 2004 година, Комисијата за хартии од вредност потпиша меморамдум за соработка и со Романската Национална Комисија за хартии од вредност.

## 2 Учество во работата на IOSCO (Меѓународна организација на комисиите за хартии од вредност)

Комисијата за хартии од вредност во 2004 година продолжи со активно учество во работата на IOSCO (Меѓународна организација на комисиите за хартии од вредност), чиј полноправен член е од 1994 година.

Активностите на IOSCO во 2004 година беа насочени кон с поинтензивната соработка помеѓу земјите членки, афирмирање на мултилатералниот Меморандум за размена на информации (MMoU) помеѓу регулаторите на пазарот на капитал во земјите-членки на IOSCO и промовирање на принципите и целите на оваа меѓународна организација.

Имајќи ја предвид нагласената важност на мултилатерлниот Меморандум на IOSCO, КХВ во рамките на својата активност во оваа меѓународна организација постави две цели (кои планира да ги реализира во 2005 година), и тоа започнување со постапката за само-оценување за имплементацијата на принципите на IOSCO во националната регулатива за пазарот на хартии од вредност и започнување на постапката за апликација и пристапување како земја-потписничка на Мултилатералниот Меморандум на IOSCO, кој засега претставува највисока форма на мултилатерална соработка помеѓу регулаторите на пазарите на хартии од вредност од сите земји-членки на оваа меѓународна организација.

Во рамките на активностите во IOSCO, во 2004 година Комисијата за хартии од вредност одговори на повеќе прашалници кои произлегуваат од работата на поодделните регионални комитети на IOSCO: за постапките за преземање на акционерски друштва, за спроведувањето на ревизијата и примената на меѓународните ревизорски стандарди при анализата на финансиските извештаи на акционерските друштва и сл.

Својата активност во работата на IOSCO Комисијата во 2004 година ја реализираше и преку учество на работни тела каде се дискутираше за актуелните трендови на светските пазари на капитал и супервизија на пазарните учесници, и тоа:

- 29-тата годишна конференција на IOSCO, која се одржа во мај 2004 година во Аман-Јордан;
- Конференцијата на Техничкиот комитет на ИОСЦО за регулаторите и глобалниот пазар (“IOSCO Technical Committee Conference on Regulators and the Global Marketplace”), која се одржа во октомври 2004 година во Њујорк-САД;
- “The IOSCO Emerging Markets Committee Meeting", кој се одржа во декември 2004 година во Каиро-Египет.

# VII. INTERNATIONAL COOPERATION

## 1 Regional conference of the capital market regulators from the Balkan region organized by the Securities and Exchange and signing of bilateral memoranda of understanding

In the period from 24 till 26 of June, 2004 the Securities and Exchange Commission organized a conference of capital market regulators from the Balkan region, which was held in Ohrid on the topic" Regional cooperation among securities regulators with respect to supervision"

The Securities and Exchange Commission, as a host on this conference of the capital market regulators from the Balkans, had for a purpose strengthening the mutual cooperation of the countries in the region and formalizing it on a bilateral level.

